# Известување во интерес на јавноста -

## Заштитата на етичките принципи на известувањето низ работата на Комисијата за жалби и поплаки



д-р Сефер Тахири
Мирче Адамчевски

Совет за етика во медиумите на Македонија
Ул. Мит. Теодосиј Гологанов бр. 54/2 1000 Скопје
www.semm.mk / info@semm.mk тел. 02 3 222 595

Совет за етика во медиумите на Македонија
Ул. Мит. Теодосиј Гологанов 1000 Скопје
www.semm.mk / info@semm.mk
тел. 02 322 25 95

# Известување во интерес на јавноста -

## Заштитата на етичките принципи на известувањето низ работата на Комисијата за жалби и поплаки

**Март 2017**

**Автори:**
Сефер Тахири и Мирче Адамчевски

**Наслов на оригиналот:**
„Известување во интерес на јавноста -
Заштитата на етичките принципи на известувањето
низ работата на Комисијата за жалби и поплаки“

**Издавач:**
Совет за етика во медиумите

**Автори:**
д-р Сефер Тахири
Мирче Адамчевски

**Уредник:**
д-р Снежана Трпевска

**Лектор:**
Ружица Пејовиќ

**Дизајн:**
МајПринт

**Печати:**
МајПринт

**Тираж:**
100

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од проектот „#РеФорМедиа – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, кој го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана. Проектот е финансиран од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на авторите и на Советот за етика во медиумите и во никој случај не ги одразува ставовите на ЕУ.

# Содржина

Вовед

Основни принципи на новинарското известување

Точност и проверка на информациите (Сефер Тахири)

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот (Мирче Адамчевски)

Новинарството на политичка (не)дистанца (Сефер Тахири)

Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост (Мирче Адамчевски)

Новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и на дискриминација (Сефер Тахири)

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги (Мирче Адамчевски)

Одлуки на Комисијата

Новинарот треба да објавува точни и проверени информации (член 1)

Јане Димески за *Курир*

Ксенофон Угриновски за *Слободен печат*

Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста (член 7)

Народен правобранител за порталите *Република, Прес24, Курир и Пулс24*

Душица Мрѓа за *Сител* (електронско издание)

Новинарот нема да говори со јазикот на омразата (член 10

Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ за *Сител 3*

ОБСЕ за *Сител*

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата (член 13)

Митко Андреевски за *Вечер*

Јане Димески за *Курир*

Новинарот треба да има професионална дистанца од политичките субјекти (член 14)

Лидија Димова за *Република*
Артан Груби за *Тетова сот*
Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија (член 16)
Бранко Героски за *Канал 5*
Зоран Фидановски за *Нетпрес*
Преглед на поднесените поплаки до Комисијата за жалби

# Вовед

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) во април 2017 година ја одбележа третата година од своето постоење. Во текот на првите три години, главните напори на СЕММ беа насочени кон негово етаблирање во јавноста и подигнување на свеста за важноста на етичкото новинарство и саморегулацијата. Преку својата активна работа во медиумите СЕММ се залагаше за заштита на независноста на медиумите, истовремено потсетувајќи ги на големата одговорност што ја имаат во заштитата и исполнувањето на интересот на јавноста.

Во обидите да ја афирмира саморегулацијата, СЕММ посветено работеше на информирање на јавноста, која сè повеќе реагираше на случаите на непрофесионално известување на медиумите. Во период од три години до СЕММ се доставени околу 200 жалби, а бројката на поплаките се менува речиси секојдневно.

За поплаките од јавноста во врска со објавените содржини во печатените, електронските и во онлајн-медиумите решава советодавното тело на СЕММ, седумчлената Комисија за жалби. Во својата работа, членовите на Комисијата ги користат Кодексот на новинарите на Македонија, Повелбата за етичко известување, Декларацијата на принципи на Меѓународната федерација на новинарите и други етички рамки и документи што ги содржат нормите на професионално медиумско известување. Освен тоа, СЕММ е во редовна комуникација со Алијансата на независни совети за етика во медиумите на Европа (AIPCE), чија членка е од октомври 2015 година, како и со регионалната мрежа на совети за етика во медиумите MediaNethics, чиишто искуства и препораки овозможуваат полесно совладување на предизвиците во развивањето на саморегулацијата во државата.

Во обидот да го сублимира досегашното работење на Комисијата за жалби и нејзините одлуки да ги направи поширoко достапни за јавноста, СЕММ се определи да ја подготви оваа публикација, чија цел е да понуди осврт врз почитувањето на некои од основните принципи на новинарската етика и преглед на најкарактеристичните одлуки донесени од Комисијата.

Поради обемноста на материјалот, публикацијата не нуди преглед на сите одлуки на Комисијата за жалби, туку само на оние што се поврзани со

прекршувањето на најважните принципи на новинарското известување. Подетален преглед на одлуките може да се најде на веб-страницата на СЕММ www.semm.mk.

Се надеваме дека оваа публикација ќе придонесе кон поголемо разбирање на културата на саморегулацијата и кон подигнување на нивото на професионалноста, транспарентноста и отчетноста на медиумите. СЕММ и натаму ќе продолжи да игра активна улога во јавната дебата за новинарската практика и да ја зацврстува својата позиција во јавноста и во сферата на медиумското работење.



# Основни принципи на новинарското известување

## Точност и проверка на информациите
*Сефер Тахири*

### 1. Вистинитоста и точноста - темел на новинарската професија

Медиумите се сметаат за четврта власт во модерните демократии, покрај легислативната, извршната и судската власт. Тие функционираат како „куче-чувар" на јавниот интерес, за доброто на публиката, односно граѓаните. Вистината и точноста се врвни принципи на новинарството и токму од нив зависи дали еден медиум е кредибилен или не. Од новинарите се очекува да дадат точни и сеопфатни информации, врз основа на кои граѓаните ќе донесат одлуки. Уредниците и новинарите секогаш треба да имаат предвид дека довербата многу тешко се стекнува, а многу лесно се губи.

Точноста е стар принцип колку што е и новинарството, односно врз тој принцип почива новинарската професија. Информациите што се пренесуваат преку медиумите треба да бидат соодветни со реалноста, значи треба да се вистинити, па затоа е многу важно да бидат проверени од најмалку два извори, кои се меѓусебно независни. Оттаму, новинарите имаат право да бараат информации, да ги објавуваат, но и критички да ги анализираат. Информацијата треба да биде точна и проверена. Секој елемент на веста (извештајот, прилогот) мора да биде точен: настаните, датумите, местата, цитатите и слично. Една грешка за еден факт може да фрли сенка врз целиот новинарски текст.

Точноста не подразбира само пласирање факти, а новинарите не се само „трансмитери" што цврсто се држат до правилото да одговорат на петте прашања: „Кој?", „Што?", „Кога?", „Каде?", „Зошто?" (и шестото прашање „Како?"). Новинарите не се само собирачи на вести, туку од нив се очекува да истражуваат, известувајќи објективно и точно за она што се случува. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Според Етичкиот кодекс на новинарите на Македонија, „основна задача на новинарите е да ги почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со Уставот на Република Македонија"[1].

1 Здружение на новинарите на Македонија, *Кодекс на новинарите на Македонија, Принципи на однесување*. (Скопје, ЗНМ:2001), пристапено на 25 февруари 2017: http://znm.org.mk/?page_id=1412

## 2. Стандарди за точноста како основен новинарски принцип

Едни од главните стандарди во новинарството се точноста и прецизноста во информирањето од страна на новинарите. Брзината не смее да биде поважна од точноста и прецизноста. Медиумите не треба да објавуваат или да емитуваат некоја вест или извештај без да извршат рутинско и соодветно истражување за да ја проверат веродостојноста. Исто така е битно сите вести, извештаи, но и други видови новинарски жанрови, да изобилуваат со доволен број извори, да се базирани врз цврсти докази, да се темелно проверени и презентирани на јасен и прецизен јазик. Новинарите треба да избегнуваат неосновани искази или шпекулации и да се обидуваат да им дадат можност на страните што се вклучени во еден настан, процес или појава да ги искажат или да ги објаснат своите ставови. Ова е особено важно во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања, или кога некој е предмет на напад и критика. Освен тоа, не треба да ги изопачуваат или да ги злоупотребуваат дадените изјави во врска со конкретниот настан за кој се известува.

Доколку се случат грешки во известувањето, тие треба да се признаат и да се коригираат најбрзо што може, јасно и соодветно. Признавањето на грешката е доблест, а нејзиното прикривање е неспоиво со професионалното достоинство. Затоа, пожелно е новинарот или медиумот да се извини за грешката. Тоа е поставено на ниво на правило - медиумите треба да објават јасна корекција и на видно место да нагласат дека е објавена неточна и изопачена информација, а ако е потребно, да се извинат.

Точноста и проверката на информациите се дел од петте члена на Етичкиот кодекс на новинарите на Македонија. Интерпретирањето на овие членови е базирано врз Прирачникот за етика во новинарството, објавен во 2012 од страна на Здружението на новинарите на Македонија[2].

Во членот 1 се нагласува дека потребата да се известува во кус временски период не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на текстот/ прилогот. Новинарот треба да обезбеди втора страна, што подразбира и систематска проверка на сите факти во еден текст/ прилог. Објавувањето информации што имаат статус на „доверливи" е можно само тогаш кога новинарот е сигурен дека правото на јавноста да биде информирана е позначајно отколку обврската за почитување на доверливоста на информациите.

Според членот 2, кога новинарот не добил од власта одговор на прашања за кои проценува дека се од јавен интерес, треба да ја извести јавноста дека е загрозено нејзиното право да биде информирана. Власта не смее да ги избегнува темите и прашањата од интерес за јавноста и затоа новинарот треба да настојува да добие одговор од институциите и функционерите, а за нивната затвореност треба критички да ја информира јавноста.

---

2 Тамара Чаусидис и Зоран Бојаровски, *Прирачник за етиката во новинарството*, (Скопје: 2012), пристапено на 12 февруари 2017, http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Прирачник-за-етика-во-новинарството-мај-2012.pdf

Членот 3 зборува за моралната одговорност на новинарот за објавена неточна информација. Затоа, овој член му налага на новинарот самиот да настојува да објави демант, исправка или одговор во медиумот во кој е објавена неточната информација чијшто автор е тој. На тој начин новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Оние што биле предмет на напад или на критика мора да имаат можност да одговорат пред прилогот да биде објавен, а доколку тоа не е случај и ако одговорот дојде по објавувањето, тој треба да биде во разумна должина, во поврзаност со темата и во пристојна форма. Објавениот одговор не треба да биде проследен со полемичен редакциски коментар.

Членот 4 се однесува на цитирањето на изворите. Изворот на информацијата по правило треба да се идентификува, освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна. Погрешното лоцирање на изворот или измислувањето на изворот за да се презентираат неточни, нецелосни и недоволно проверени информации се сметаат за грубо прекршување на новинарските стандарди.

Членот 5 ги дефинира темите во известувањето што се од јавен интерес. Тоа се информации што може да придонесат за откривање на: криминално дело, злоупотреба на положбата од страна на носител на јавна функција, загрозување на демократијата, корумпираност, случаи на неправда, прекршување на човековите права, дискриминација, загрозување на здравјето и безбедноста на луѓето, немарност и/или неспособност на јавните функционери. Јавниот интерес, исто така, вклучува информации што им помагаат на луѓето да донесат одлуки од јавен карактер и ги спречуваат заведувањето и манипулацијата со населението со изјави или постапки на поединци или организации.

## 3. Одлуки на Комисијата за жалби поврзани со принципот за вистинитост и точност

Од 149 случаи за кои се жалеле граѓани и правни субјекти (политички партии, невладини организации, меѓународни организации), дури 103 жалби се однесуваат на неточно или невистинито известување[3]. Анализата на случаите што биле предмет на разгледување од страна на Комисијата покажува дека во поголем број новинарски текстови е прекршен членот 1 од Кодексот, односно се констатира дека „втората страна“ речиси и ја нема во текстовите за кои страните се жалат. Битно е да се истакне дека речиси сите жалби се однесуваат на новинарски тестови или прилози во кои се изнесуваат сомне-

3 Во голем број од овие жалби засегнатите страни се жалат и на други прекршувања на Кодексот на новинарите на Македонија, како што се говор на омраза, клевета и навреда, дискриминација, политичка пристрасност итн., но во овој контекст се анализира само повредата на принципот за точно и вистинито известување.

вања или обвинувања кон одредена личност или група, односно се упатуваат навреди или напади од типот: предавници, соросоиди, платеници, странски служби итн. Така, во текстот со наслов „Агентите кои земаат повеќе одошто заслужуваат", објавен во онлајн-порталот *Република* на 11 ноември 2014 година, а на кој се жалеше Лидија Димова, тогашен пратеник на СДСМ, беше констатирано дека тврдењата во текстот воопшто не одговараат на она што беше понудено како доказ против подносителот на претставката и дека тој содржи неосновани обвинувања. Исто така, и во текстот со наслов „Шеќеринска ја кодоши Македонија кај непознат француски секретар со грчко потекло" објавен во порталот Курир од 8 ноември 2014 година, се обвинува потпретседателката на СДСМ, а таа воопшто не е ни контактирана.

Општ заклучок е дека во Македонија опаѓањето на квалитетот на медиумското известување се должи пред сè на необезбедувањето на втората страна, односно недавањето можност на сите засегнати страни во новинарскиот текст да го искажат својот став. Тоа е причина не само за неизбалансираноста, туку и за неточноста во медиумското известување, бидејќи основното новинарско правило вели дека една информација треба да се провери од најмалку два извори. Дури и кога станува збор за тешки обвинувања, текстовите немаат втора страна. Во текстот со наслов „Македонија заложник на ќефовите на Ванхауте", објавен на порталот Нетпрес на 26.10.2015 година, е објавена и фотографија на подносителот на жалбата Ангела Илиевска, под која стои следниот текст: „Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ?". Имено, се работи за фотографија од средба меѓу Ангела Илиевска и Ванхауте, преземена од личен фејсбук-профил и најгрубо злоупотребена. Текстот содржи деградирачки и дискриминаторски фрази за Ангела, а таа не е контактирана за да даде свој став околу фотографијата. Имено, во текстот се наведува дека „Иако Ванхауте е со набиена агенда на активности, тој сепак наоѓа време да се фотографира со млади социјалдемократи. Останува прашањето дали тоа е поради неговата дневница од 900 евра или пак поради неговиот изглед".

Новинарот не смее да го симнува нивото на професионално известување и да дозволува новинарскиот текст да се потпира на еднострани информации затоа што на тој начин создава можност на граѓаните да им се сервираат полувистини или лаги како проверени и вистинити вести. Новинарските производи не се целосни, или не се сеопфатни доколку не се засноваат врз најмалку две независни и спротивставени гледишта, или доколку не содржат факти. Со други зборови, доколку не содржат различни агли на гледање на едно прашање, не може да се сметаат за точни и објективни. Текстот со наслов „Поглаварот Стефан на 'мрсна' трпеза во строгите пости?!", објавен на ден 8.1.2016 година на интернет-порталот Либертас, авторот го базира на информации од анонимен извор, но во него нема и друг извор што би ја потврдил точноста и вистинитоста на информацијата.

Битно е да се нагласи и дека медиумите често се соочуваат со затвореност на институциите, така што во некои од овие случаи „втората страна"

можеби не е обезбедена поради фактот што новинарите немале пристап до повеќе страни, пред сè поради нетранспарентноста на институциите. Натаму, не е мал бројот на прес-конференциите на кои се поканувaат само дел од медиумите, односно само тие што ја поддржуваат власта.

Кодексот на новинарите на Македонија во членот 4 пропишува дека новинарите можат да користат анонимни извори на информации во своите текстови, кога не се во можност експлицитно да наведат извор што застапува различно гледиште. Но во новинарската практика ваквата формулација се злоупотребува. Имено, изворите што се анонимни често се користат за да се објавуваат шпекулации, наместо да се обезбеди сеопфатно или целосно информирање на јавноста за различните аспекти на прашањето. Ова е практика особено во дел од онлајн-медиумите, за кои за кусо време се потврдува дека објавиле полувистини или лаги. Тоа што меѓу најголемите прекршители се онлајн-медиумите укажува на тенденција на професионална деградација и злоупотреба на слободата на пренесување информации преку интернет заради објавување невистини, полувистини или шпекулации. Леснотијата и ниската цена на употреба на интернетот како платформа за информирање дозволуваат ширење на сите информации на интернет. Додека еден добар дел од расположливите информации им помага на луѓето да ги прошируваат своите хоризонти на информираност и знаења, голем дел од новинарите што работат во домашните онлајн-информативни медиуми пласираат неточни информации, конструкции, па дури и лаги со цел да ја манипулираат јавноста заради политички и други интереси.

Според Кодексот, генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавената содржина на интернет, а доколку таа се измени или се отстрани, тоа мора да биде јасно назначено. Во практиката, многу често, поради политички притисок, закани со тужби, а многу често и поради поткупливост на одредени онлајн-медиуми, целосно се бришат содржините што се објавени. Не изостануваат ни традиционалните медиуми, особено националните комерцијални телевизии што се провладини, кои ставајќи се во служба на политичката партија на власт ВМРО-ДПМНЕ, а не на јавниот интерес, често забораваат на принципите за точност и проверка на информациите.

## Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот

*Мирче Адамчевски*

### 1. За разликата меѓу мислењето и фактот

Мешањето на веста и коментарот е еден од најголемите и најчести проблеми во новинарството. Исто како неправењето разлика меѓу фактите и мислењето. По својата штетност тоа е блиско до лажењето, премолчувањето, дезинформацијата, манипулацијата. Со него се нарушуваат сите професионални и етички норми пропишани во новинарските кодекси.

Факт во основа е она што може беспоговорно и непобитно да се утврди. При утврдувањето на фактот потребен е објективен приод, кој мора да биде поткрепен со егзактен доказ. Во утврдувањето на фактите не смее да се меша личниот став или која било предрасуда. Бидејќи новинарите имаат право на став и мислење, многу значаен елемент во нивната работа е непристрасноста. Заради нејзина заштита, мислењата, ставовите, коментарите во новинарските прилози или програми треба да бидат издвоени од фактите.[4]

Новинарите, како и секој поединец, имаат право на мислење. Имаат право да искажат став и вредносен суд, но не треба да се обидуваат своето мислење да го камуфлираат како факт. Проблемот кај нашите новинари, како што покажува искуството од работата на Комисијата за жалби при СЕММ, најчесто е што искажуваат мислења непоткрепени со факти или пак се искажуваат туѓи, „нарачани“ мислења, кои се „продаваат“ како свои, но и тука се повторува грешката – непоткрепеност со факти. Тие во искажувањето на мислењето, дали преку коментар, осврт или друг новинарски жанр, не водат сметка ни за веста.

Тоа е забележливо кај сите видови медиуми. Новинарите како да заборавиле дека „новинарството почива на веста“[5]. Дека таа мора да одговори на петте основни прашања: кој, што, кога, каде и зошто, но исто така и на прашањето „како“. Дека токму веста е најважниот факт, врз кој се темелат коментарите. И токму поради таквиот приод кон новинарскиот производ имаме коментари во кои воопшто нема вест. Ова доминира кај онлајн-медиумите. Таму најчесто се вработуваат млади новинари, кои понекогаш имаат порив да се зафатат да коментираат без вести и без факти. Поради тоа, таму често пати има коментари без вести, за кои се чини дека се дело на нечиј „колективен“ труд, надвор од нивните редакции.

---

4 “Kampanju za medijsku pismenost”, Medijska pismenost, пристапено на 11 февруари 2017, http://www.medijskapismenost.net/

5 Dubravka Valić Nedeljković, *Novinarski zanrovi*, (Novi Sad: Novinarska skola), пристапено на 13 јануари 2017, http://novinarska-skola.org.rs/vodic/zanrovi/Novinarski%20zanrovi.pdf

Во новинарските жанрови коментарот, накратко, е опишан како „личен став на новинарот поткрепен со факти“[6]. Основното значење на коментарот е толкување или објаснување на она што не се гледа, што е под површината. Се смета дека со коментарот се остварува највисоката вредност на новинарското изразување. За коментарот е потребна добра аргументација и „силен јазик“. Новинарот ги користи постојните настани, вести, факти или документи, закони, одлуки, книги, за на популарен начин да ѝ ја објасни темата на пошироката јавност. При создавањето на коментарот доаѓа до израз новинарскиот стил, односно умешноста на новинарот при соопштувањето на фактите, на нивното толкување, на поинтересен начин и со побогат фонд на зборови да внесе атрактивност во текстот. Токму затоа се вели дека е потребен и „силен новинарски јазик“. Коментарот во основа е толкувачки, но понекогаш е со потешка структура и тогаш зборуваме за критички, полемички или аналитички коментар. Аналитичкиот коментар има попродлабочена структура на соопштување на ставот во јавноста, осветлувајќи ги аспектите од повеќе страни за настанот за кој се зборува. Анализата се гради врз база на претходни сознанија и притоа се зазема став кон причината поради која се пишува самиот коментар.[7]

За успешен коментар е битно брзо да се реагира, да се биде актуелен и конкретен. Појдовна основа за него се вестите и извештаите. Коментарот треба да даде одговор за она што стои зад тие вести. Да укаже на причините и да ги предвиди идните случувања поврзани со она што го содржи некоја вест. А секоја вест се темели на факт. Ако нема факт, нема ниту вест.

## 2. Нема факти, нема вести, ама има мислења и коментари

Но практиката не го потврдува погоре изнесеното. Новинарите повеќе сакаат да коментираат отколку да дадат вистинска информација. Па ќе измешаат сè. И вест и коментар, и факти и мислења. Од практиката на Комисијата за жалби при СЕММ се гледа дека новинарите свесно, се разбира не сите, но голем дел од оние против кои биле поднесени жалби, не прават разлика меѓу фактите и мислењата, веста и коментарот. Одлуките на Комисијата за жалби при СЕММ покажуваат дека овој вид нарушувања на етиката и на професионалноста се веднаш зад нарушувањето на принципот на вистинитост и точност, односно на претставување на гледиштата на најмалку две страни.

Членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија вели: *Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот*[8]. Оттука и впечатокот дека во вакви случаи не може да се зборува за про-

6 "Kampanju za medijsku pismenost", Medijska pismenost, пристапено на 11 февруари 2017, http://www.medijskapismenost.net/

7 Зоран Бојаровски, Бранко Героски и др., *Пишување за печатени медиуми*, (Скопје: Македонски институт за медиуми, 2005), стр.75

8 Здружение на новинарите на Македонија, *Кодекс на новинарите на Македонија, Принципи на однесување*. (Скопје, ЗНМ:2001), пристапено на 25 февруари 2017: http://znm.org.mk/?page_id=1412

фесионализам, туку за тенденциозно известување со некоја друга заднина, која често може да биде политичка или пак да станува збор за влијание или зависност од политички или економски центар на моќ. Германскиот писател и драматург Зигмунд Граф вели: „Една од најчудните појави е што се залажуваме дека од зависни луѓе можеме да очекуваме независно мислење“. И навистина, нема ништо полошо од зависен новинар. Зависен од сопственикот на медиумот, од уредникот или пак од некоја политичка или друга сила.

Според Кодексот на новинарските начела во Белгија, „фактите мора да се собираат и за нив мора да се известува без предрасуди“[9] Исто така, се вели дека „Одвојувањето на фактите за коишто се известува од коментарот мора да биде очигледно. Овој принцип не смее да го спречи новинарот/медиумот да ги претстави своите мислења, ниту мислењата на другите.“[10]

Националниот Кодекс на однесување во Данска, во поглед на ова прашање, има една куса реченица: „Фактите треба да се одвојат од коментарот.“[11] Етичкиот кодекс на новинарските здруженија во Полска нагласува дека: „начелото на раздвојување на информацијата од коментарот значи дека структурата на пораката е таква што му овозможува на примачот јасно да ги раздвои фактите од ставовите и мислењата.“[12]

Претпоставка е дека во Македонија најголемиот број новинари се образовани на студии по новинарство. И дека знаат каде завршува веста, а каде почнува коментарот. Многу лошо е ако не го знаат ова. Тоа е професионален дефект на новинарот. Недоволно знае, лошо проценува што е вистински факт, што е вест. Или пак новинарот свесно или несвесно потпаѓа под влијание на медиумските сопственици, уредниците, а и соговорниците – политичари или економски моќници. Исто така, во овие случаи има и етички проблеми. Се јавуваат пристрасност, еднострaност, тенденциозност. Се заборава дека новинарот треба да работи професионално и да му одолее на секаков вид притисок.

Новинарите, како и сите други луѓе, имаат свои убедувања, ставови и мислења. Но јавноста заслужува известување засновано врз факти и врз анализа поткрепена со информации. Затоа, ставовите и мислењата на новинарите не смеат да влијаат врз стандардите за информирањето на публиката, особено за теми, настани и појави од конфликтен карактер. За да понудат целосно и кредибилно покривање на вестите и настаните, новинарите мора да ги потиснат своите лични гледишта и перспективи. Единствено со прикажување

9 Stevan Niksic, Ana Davico, *Etika novinarstva - Prirucnik za profesionalne novinare*, (Beograd, CPM> 2004), пристапено на 11 јануари, 2017, https://www.scribd.com/document/26507848/Etika-novinarstva
10 ibid
11 EthicNet, The *National Code of Conduct - Denmark*, пристапено на 1 февруари 2017, http://ethicnet.uta.fi/denmark/the_national_code_of_conduct
12 Stevan Niksic, Ana Davico, *Etika novinarstva - Prirucnik za profesionalne novinare*, (Beograd, CPM> 2004), пристапено на 11 јануари, 2017, https://www.scribd.com/document/26507848/Etika-novinarstva

широк спектар од ставови и мислења, новинарите може да понудат вистинска слика за она што навистина се случува. Притоа е важно, во своето известување, новинарите да понудат соодветна тежина и застапеност на ставовите и мислењата на различните групи од општеството.[13]

## 3. Одлуки на Комисијата за жалби поврзани со членот 13

Од околу 150 одлуки на Комисијата донесени за нарушување на новинарската етика, дури во 74 е констатирано нарушување на принципот утврден во членот 13, за тоа дека *новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот*. Големиот број нарушувања на овој принцип зборуваат за потребата од едуцирање на новинарите, а можеби и на цели редакции заедно со уредниците, кои дозволуваат вакви неетички однесувања.

Во случајот *Димова за Република*, Комисијата за жалби расправаше за претставката на госпоѓата Лидија Димова за текст објавен во онлајн-изданието на списанието „Република" под наслов „Агенти што земаат повеќе од што заслужуваат". Димова во жалбата пишува дека „Текстот е неточен, со тенденциозни лаги, а со тоа е нарушена нејзината репутација како човек, пратеник од опозицијата, но и стравува за својата безбедност…". Во одговорот од главниот уредник на онлајн-изданието на „Република", Билјана Зафирова, се вели дека тие користеле изјави и фотографии од лицата посочени во текстот и дека „новинарите имаат право да поставуваат дилеми и прашања за работи што се важни за општеството… Кому му одговара пласирањето информации (кои се испостави дека не се точни) што не се во интерес на Македонија…" И навистина, медиумите треба да поставуваат прашања, но и да побараат и да дадат непристрасни одговори. При сето тоа треба да се избегнува манипулацијата со публиката во потрагата по одговори. А токму тоа го констатираше Комисијата за жалби. Како поинаку да се оценат деловите од текстот во кој се вели: „Ова е групата новинари, политички аналитичари и политичари од земјава што работат за секого, само не за својата земја. Некој уредник, некој политички аналитичар, сите со иста цел – да бидат фокусирани на две работи што секако, не ѝ носат ништо позитивно на земјава. Фокусирани се на две работи: како да ја исплукаат земјата надвор и да го уништат нејзиниот имиџ и да ја компромитираат државата преку спорот со соседна Грција, нарушувајќи ги позициите на сопствената земја. За двете работи што се во нивниот фокус прашањето е исто: Кому му одговара тоа?" Чие мислење е ова? На новинарот? Или, пак, коментарот дека: „Плукаат врз сè што е македонско, се жалат на сè што се прави во Македонија. Недостига вистински аргументиран став. Сè се сведува на поплаки за некаков режим, некаква диктатура и заробеност. Застануваат против секој чекор што се презема за Македонија да оди напред, работат за туѓи интереси, газат врз позицијата на Македонија… А дали овие агенти земаат повеќе од што заслужуваат?!"

---

13 "Kampanju za medijsku pismenost", Medijska pismenost, пристапено на 11 февруари 2017, http://www.medijskapismenost.net/

Новинарите имаат обврска вестите и информациите да ги третираат со соодветна непристрасност, да им дадат соодветна тежина на настаните, ставовите и мислењата и на главните страни на приказната. Вестите треба да се засновани врз факти што се проверени и докажани. Да се биде непристрасен при пласирањето вести и информации значи да се исклучи секаков личен или туѓ наметнат пристап или размислување во нивното обликување, а на публиката да ѝ се остави да извлече свои заклучоци.

Во случајот *Транспаренси интернешнел Македонија (ТИМ) за порталот Журнал.мк,* ТИМ поднесе жалба за текстот: „Скандал: Амбасадата на Холандија и Транспаренси интернешнел, ги дискриминираат Албанците и албанските медиуми во Македонија?!". Според жалителот, станува збор за неточно и нефер-известување, за изнесени „невистинити информации дека ТИМ ги дискриминира Албанците и албанските медиуми", како и за тоа дека содржините се објавуваат и на албански јазик. Комисијата ја прифати жалбата. При нејзиното разгледување беше утврдено дека порталот пишува: „Оваа амбасада (холандската), која промовира високи вредности на европската демократија, не најде за сходно да ги направи проектите што се финансираат за доброто на граѓаните на Македонија, достапни и за публиката, албанскиот читател и гледач." Потоа се пишува дека „Последната кампања на организацијата ТИМ… е јасен доказ дека се случува крајна дискриминација кон граѓаните Албанци." Комисијата утврди дека претходно искажаното е дезинформација и манипулирање на политиката. Медиумите и новинарите имаат право на свое мислење, но претпоставките или ставот на авторот треба да ги спречат манипулациите. Не може сопственото мислење да се нуди како факт.

Принципите на однесување на новинарите утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија го нагласуваат правото на новинарите да коментираат и да пренесуваат информации, идеи и мислења. Но тие исто така нагласуваат и дека право и должност на новинарите е да ги спречуваат цензурата и искривувањето на вестите[14]. Натаму, во кодексот се вели и дека почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите треба да бидат чесни, објективни (…) и точни.[15] Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во случајот *ЛГБТИ и др. за порталот Пулс 24*, ЛГБТИ центарот за поддршка, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија и Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници"

14 Здружение на новинарите на Македонија, *Кодекс на новинарите на Македонија, Принципи на однесување*. (Скопје, ЗНМ:2001), пристапено на 25 февруари 2017: http://znm.org.mk/?page_id=1412

15 ibid

поднесоа жалба до Комисијата за жалби при СЕММ за текстот со наслов „ЛГБТИ заедницата организатор на протестите пред Уставен заедно со СДСМ и СОРОС“, објавен на интернет-порталот Пулс 24 (www.puls24.mk). Во жалбата се наведува дека текстот изобилува со дискриминација и говор на омраза кон ЛГБТИ-заедницата, претставувајќи ја како „закана за традиционалните македонски вредности и како заедница што се стреми кон рушење на државата, односно државниот и уставниот поредок“. Комисијата ја прифати жалбата како основана. Непознатиот автор на текстот, без никакви факти, тврди дека ЛГБТ-заедницата е организатор на протестите, и прашува дали со ваквото здружување „ЛГБТ, СДСМ и СОРОС сакаат да ги погазат македонските традиционални вредности“. Се додава и дека „граѓаните што ги почитуваат традиционалните вредности се згрозени од ваквото здружување... граѓаните велат дека ЛГБТ има секакви права во земјава, ама немаат право да ги уништуваат државата и Уставот, а најмалку да се мешаат во работата на Уставниот суд“. Кои граѓани? Во текстот нема ниту збор од некој граѓанин, а камоли граѓани, како факт во поткрепа на тврдењата. Не е направено никакво истражување што ги потврдува ставовите на авторот за ЛГБТ-заедницата, а кое би било повод за коментирање.



# Новинарството на политичка (не)дистанца

*Сефер Тахири*

## 1. Реформите не обезбедија политичка непристрасност на медиумите

Денес, медиумскиот систем функционира во рамките на јасно дефинирана институционална рамка според која медиумите, а особено електронските, функционираат како самостојни, независни субјекти според правилата на парламентарната демократија и законитостите на пазарната економија. Сите радиодифузери, комерцијални или јавни, не можат да бидат во „рацете на кој било политички субјект". Но и покрај овој факт, реалната ситуација јасно покажува дека се пронаоѓаат начини радиодифузерите политички да се инструментализираат.

Примери за партиска пристрасност на медиумите се уредувачките коментари што препорачуваат поддршка на една политичка партија. Но постои и пропагандна пристрасност, која се појавува во известувањето што заговара одредена страна, политика или гледиште. Такви примери имало безброј, а до Комисијата се обратиле политичари што се жалеле на еднострано известување, без да се почитува Кодексот на новинарите. Овие примери покажуваат дека во практиката политичките партии постојано наоѓаат начини за влијание врз уредувачката политика на медиумите.

Речиси нема медиум, особено оние што емитуваат информативна програма, кај кој не се препознава наклонетост кон одредена политичка опција, а некои дури не се ни обидуваат тоа да го скријат. И обичните граѓани знаат која група или поединец стои зад одредена радио- или телевизиска станица. Политичарите ги користат медиумите за свои политички цели, а сопствениците и едните и другите (политичарите и медиумите) за свои корпоративни цели[16].

Од самото формирање па до денес електронските медиуми (и нивните сопственици и новинарите што работат за нив) континуирано се наоѓаат во фокусот на политичките борби на власта и опозицијата, не успевајќи да се изборат за автономија во медиумската сфера, односно за независност од политиката. Факот што голем број медиуми се поврзани со политички субјекти ја потврдува тезата дека електронските медиуми првенствено се средство за постигнување политички цели и артикулирање на политички интереси. И покрај фактот што радиодифузната регулатива содржи мерки за заштита на медиумите и новинарите од различни видови влијанија на групи или поединци, практиката покажува дека политичките партии (особено од власта, која го

---

16 Open Society Institute EU Monitoring and Advocacy Program, *Television across Europe: regulation, policy and independence* (Budapest: 2005), пристапено на 15 февруари 2017, https://www.opensocietyfoundations.org/sites/default/files/summary_20051011.pdf

користи државното огласување) успеваа да ја наметнат својата контрола врз комерцијалните телевизии. Ова е особено евидентно од влијанието што го вршат сопствениците на најголемите телевизиски станици врз нивната уредувачка политика. Тие континуирано ги користат своите медиуми не само за поддршка на своите бизниси, туку и за сопствено политичко промовирање.

Сопственичката структура на комерцијалните телевизии е клучниот фактор што покажува и докажува дека постои директна врска на политичките партии и дел од комерцијалните медиуми, особено телевизиите. Фактот што голем број сопственици на комерцијалните телевизии, односно членовите на нивните потесни семејства, се политички активни е индикатор за политичката зависност на новинарите и уредниците на овие медиуми. Има многубројни истражувања и статии што јасно покажуваат дека тие „диктираат" што ќе се прикажува на програмата.

Не може да се зборува за независност на комерцијалните телевизии кога голем број сопственици (или членови на нивното потесно семејство) се политички активни, а во различни периоди имале или имаат значајни позиции во Владата или во парламентот. Тоа без сомнение, значи дека тие во телевизиското известување на преден план ги ставаат интересите на политичките субјекти на кои им припаѓаат.

И покрај фактот што и Уставот и законската регулатива (усогласена со меѓународните стандарди) гарантираат уредувачка независност од политичките партии и државните институции, кај комерцијалните телевизии и портали постои извесна тивка, а во дел и јавна благонаклонетост кон одредени политички опции. Таа се препознава преку застапеноста на една опција/политичка партија и нејзините активности (ставови, акции, иницијативи, предлози и слично) во информативните програми на комерцијалните телевизии.

## 2. Кодексот пропишува дистанца на новинарите од политичките субјекти

Советот на Европа им препорачува на државните членки да ги охрабрат медиумските организации доброволно да ги зацврстат уредувачката и новинарската независност преку редакциски документи или други саморегулаторни мерки. Во Македонија саморегулаторен акт е Кодексот на Здружението на новинарите на Македонија. Во него, во делот за Принципите на однесување, се истакнува:

> *„Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и да го спречат искривувањето на вестите. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите*

*права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот“.*

Натаму, во членот 10 од Кодексот се регулира прашањето на политичката дискриминација.

*„Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација,* ***политичка****...)“.*

Во однос на политиката и влијанието на политичките партии, во точката 14 на Кодексот се вели дека: *„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти“.*

Во интерпретацијата за примената на овој принцип, во Прирачникот за етика во новинарството[17] се нагласува дека медиумите и новинарите имаат обврска критички да ги следат политичките процеси и употребата на политичката и економската моќ, што само по себе подразбира дека тие мора да поставаат граница или дистанца во комуникацијата со политичките субјекти и да оневозможат какво било нивно влијание. Исто така, се нагласува и дека постои суштинска разлика и неспоивост меѓу новинарската професија и политичката пропаганда и во таа смисла новинарите се обврзани да прават јасна разлика меѓу новинарското известување и политичката комуникација.

Во завршните одредби на Кодексот на Здружението на новинарите на Македонија се истакнува и дека: *„...новинарите ќе го прифатат судот во однос на професијата само од своите колеги и ќе бидат надвор од политичко и друго влијание“.*

Како што може да се заклучи, Кодексот на новинарите на Македонија јасно ги пропишува професионалните и етичките новинарски стандарди и норми како заштитен механизам на новинарската професија. Меѓутоа, сознанијата од практиката предупредуваат на расчекор помеѓу нормативното и стварното.

17 Тамара Чаусидис и Зоран Бојаровски, *Прирачник за етиката во новинарството*, (Скопје: 2012), пристапено на 12 февруари 2017, http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Прирачник-за-етика-во-новинарството-мај-2012.pdf

## 3. Медиуми со идеолошко-политичка мисија

Вестите на телевизиите често од содржински аспект личат едни на други. Пропагандистички текстови, со иста содржина и со исти најави може да се следат во вечерните вести на сите провладини телевизии. И тоа не е случај само со телевизиите, туку и со многу портали. Често може да се прочитаат еднодимензионални информации, односно вести и извештаи што почнуваат и завршуваат со успесите на власта. Често може да се видат во еден прилог по тројца аналитичари што ја демонизираат опозицијата и ги оправдуваат чекорите на власта.

Информативните програми, во целина, се базираат на настани што се случуваат во текот на денот, а улогата на новинарите е да оценат кои од тие настани или теми се од интерес за јавноста. Но во вестите на повеќе медиуми се забележува дека се избегнуваат темите што се од јавен интерес, а се става фокус на протоколарни или промотивни активности на функционерите од власта. За жал, не само комерцијалните медиуми, туку и јавниот радиодифузен сервис често ги прекршува професионалните стандарди, кои пропишуваат дека професионалното новинарство мора критички да ги следи политиките на власта и да обезбеди рамнотежа во известувањето за различните политички актери и групи.

Што може да биде гарант за уредувачката независност на медиумите, односно таа да биде на повисоко професионално ниво? Еден од начините е изработка на „модел“ во кој медиумите и јавноста ќе научат критички да ја опсервираат и да ја презентираат општествената стварност (особено она што се случува на политичката сцена) и на тој начин активно да придонесат во процесот на креирање и спроведување на политиките за сите прашања и проблеми од јавен интерес. Оној момент кога медиумите ќе ја надминат еднонасочната комуникација, односно ќе овозможат партиципативен систем што на граѓаните ќе им овозможи активно да влијаат врз јавните политики, тогаш тие ќе направат чекор кон остварување на демократскиот идеал - двонасочна комуникација во јавната сфера. Тоа значи дека медиумите (особено јавниот сервис) освен што имаат обврски на гледачите да им обезбедат објективни вести и разновидна програмска шема, обврзани се во своите информативни програми да обезбедат и простор за слободно изразување на мислењата и уверувањата на граѓаните и на граѓанските организации. Освен тоа, медиумите се обврзани вистинито да ги прикажуваат настаните со еднаков третман на различните пристапи и мислења и поттикнување на слободно оформување на мислењето за различни настани и прашања.

## 4. Одлуки на Комисијата за жалби поврзани со политичката непристрасност

Комисијата за жалби при Советот за етика на медиумите во Македонија често решавала за предмети во кои се констатира дека е прекршен Кодексот на новинарите, по основа на политичка дискриминација или политичка небалансираност. До Комисијата стигнале 11 претставки на граѓани или политичари, кои се жалат на медиуми што известувале еднострано, не ја обезбедиле втората страна или пак неосновано навредувале или обвинувале политичари или новинари. Такви се на пример случаите *Лидија Димова за republika.mk*, *Радмила Шеќеринска за kurir.mk и други медиуми*, *Героски за Канал 5*, *Давкова и Ванковска за Алсат М*, во кои се изнесуваат критики и обвинувања од страна на медиумите кон споменатите личности, но тие воопшто не биле консултирани, што всушност е лоша практика, бидејќи во многу медиуми има само една страна.

Во случајот *Димова за Република*, поранешната пратеничка од редовите на СДСМ Лидија Димова се жалеше на текстот објавен во онлајн-медиумот Република со наслов „Агентите земаат повеќе од што заслужуваат". Според неа, текстот е тенденциозен и ја нарушува нејзината репутација како пратеник и човек. Комисијата за жалби одлучи дека Република го прекршила Кодексот на новинарите на Македонија, а меѓу прекршените членови е и членот 10, според кој новинарот нема свесно да создава и да обработува информации што поттикнуваат дискриминација врз политичка основа. Комисијата констатираше дека текстот е полн со навреди и лични дисквалификации кон пратеничката Димова, а новинарите треба да бидат одговорни за јавно искажаниот збор.

Во случајот *Шеќеринска за Курир и неколку онлајн-медиуми*, Радмила Шекеринска, пратеник и потпретседател на СДСМ, испрати жалба за текстовите објавени во онлајн-медиумот Курир со наслови: „Шеќеринска ја кодоши Македонија кај непознат француски секретар со грчко потекло" и „Со грчките дипломати, СДСМ продолжува да работи против Македонија", од непознат автор, а објавени на 8 и 10 ноември 2014 година. Шеќеринска се жалеше и на онлајн-медиумите Нетпрес, Прес24, Денешен, Фаланга и Вистина, кои го пренесоа првиот текст. И во овој случај Комисијата одлучи дека е прекршен Кодексот на новинарите во неколку члена, меѓу нив и членот 10. За овој случај Комисијата заклучи дека медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар, принтскринови) што има цел да шири непријателство или омраза, или кога постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого, поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Во случајот *Героски за Канал 5* се работи за жалба поднесена од страна на главниот и одговорен уредник на Плусинфо и на весникот Слободен печат, Бранко Героски, за интервјуто на Лидија Богатинова со Ивица Боцевски,

емитувано во вестите на Канал 5 на 13 ноември 2014 година. Жалбата е прифатена, а Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 11 и 16. Во жалбата се вели дека во интервјуто се објавени навредливи и клеветнички квалификации за Героски, без притоа да се наведат никакви докази и со очигледна намера да се нанесе штета врз неговиот углед и чест. Во конкретниот случај станува збор за исказот на уредничката Богатинова: „До каде ќе оди ваквата свесна манипулација со интересите на Македонија кога и самиот Венизелос завчера изјави дека ќе нема никакви поместувања во преговорите за името до изборите? Дали излегува дека Героски е поголем Грк и од Венизелос?“ Героски, исто така, посочува дека на крајот на интервјуто Богатинова зборува за „...оние мешетари што се обидуваат да ги нарушат позициите на Македонија во преговорите за името“. Комисијата посебно ја нагласи неприфатливоста на навреди од страна на соговорникот во интервјуто. Тоа се смета за одговорност на новинарот, кој е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, па затоа е должен да се огради од навредлив јазик, промовирање стереотипи или политичка дискриминација.

Случајот *Силјановска и Ванковска за АЛСАТ М* заврши со спогодба помеѓу страните по медијацијата од страна на извршната канцеларија на Советот за етика. На Комисијата за жалби ѝ беше испратена жалба од професорките Гордана Силјановска-Давкова и Билјана Ванковска, во кои се жалеа на рубриката „Саботажа“ на емисијата „360 степени“, емитувана на 10 април 2015 година. Како што наведоа професорките, во оваа рубрика новинарот прави конструкција и каузална врска меѓу два настани што немаат ни временска ниту суштинска поврзаност и инсинуира дека двете професорки се посочени како личности што по барање на министерката за внатрешни работи давале „услуги“ и биле „вадени од постела за да одработуваат по нечиј налог“. Се истакнува и дека во прилогот биле користени снимки од медиумски настап на професорките на селективен начин. По барање на професорките, редакцијата на емисијата 360 се извини, а прилогот беше повлечен од јутјуб-каналот на АЛСАТ М и од фејсбук-профилот на авторот Срећко Поповски.



# Новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува насилство и дискриминација

*Сефер Тахири*

## 1. Говор на омраза и дискриминација во медиумите

Спречувањето или пак ограничувањето на говорот на омразата, односно контролата или самоконтролата на медиумите и актерите вклучени во медиумската продукција, во поглед на ширењето вакви пораки не значи ограничување на слободата на изразувањето. Една позната изрека вели: „Нема слобода за непријателите на слободата". Тоа значи дека слободата на изразувањето не е апсолутна, односно таа може да биде ограничена кога некој ќе ја злоупотреби за да ги повреди правата на другите во општеството или ќе загрози некои утврдени легитимни цели од јавен интерес. Имајќи предвид дека говорот на омразата може да поттикнува насилство, а може и да води кон дискриминација, да поттикнува или да оправдува ксенофобија, антисемитизам и други форми на нетолеранција, се смета дека потребата од негово ограничување е легитимна и оправдана за да се оневозможи злоупотреба на слободата на изразување и повреда на правата на другиот.

Анализата на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста за известувањето на медиумите за етнички сензитивни теми[18] покажува дека во минатите две и пол децении во Македонија беа забележани голем број примери на невнимателно или на намерно известување во кое отсуствува чувствителност за меѓуетничките, меѓукултурните и меѓуверските односи во македонското општество.

Дали медиумите се креатори на говорот на омразата? Во одделни ситуации може да бидат оквалификувани како такви, но тие повеќе се канал или инструмент за ширење говор на омраза и дискриминација, креиран од политичките партии, власта, институциите и од некои радикални општествени групи. Токму затоа, често се нагласува дека медиумите имаат одговорност и треба да внимаваат да не произведуваат и да не пренесуваат пораки со говор на омраза и дискриминација. Во спротивно, тие придонесуваат за ширење на говорот на омраза и создаваат поволна клима тој да добива на интензитет. Новинарите, уредниците и особено главните уредници, кои се креатори на уредувачката политика на одреден медиум и одговорни за објавените содржини во медиумите, имаат голема одговорност пред јавноста, бидејќи говорот на омраза и изразите што содржат негови елементи имаат штетно влијание доколку се шират преку медиумите.

---

18 Весна Шопар, уредник, *Известувањето за меѓурелигиските и меѓуетничките тензии: значењето зад насловите*, (Скопје: Висока школа за новинарствво и односи со јавноста, 2013), пристапено на 2 февруари 2017, http://www.unescochair-vs.edu.mk/attach/Znacenjeto-zad-naslovite.pdf

Новинарите постојано пишуваат за различностите, за разликите што се темелат врз етничката припадност, религијата, расата, полот, сексуалната ориентација, социјалното потекло итн. Тргнувајќи од овој факт, медиумите кога пишуваат за сензитивни општествени теми, може намерно или ненамерно да предизвикаат омраза. Меѓународната федерација на новинарите со посебен Етички кодекс[19] ги задолжува новинарите да водат грижа за хуманоста и за заштитата на човековите права. Ова значи дека од новинарот и од уредникот се очекува свесност за одговорноста на неговата работа. Новинарот треба да биде морален, но и мотивиран да им служи на читателите, слушателите, гледачите и на демократијата.

## 2. Што пропишува Кодексот на новинарите на Македонија?

Според членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија новинарот не смее во своите текстови да го користи јазикот на омразата или да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа. Во Прирачникот за етика во новинарството се дава дополнителна интерпретација и насоки за примена на овој член. Се вели, дури, дека новинарите треба да внимаваат кога говорот на омраза доаѓа особено од јавни личности или претставниците на јавни институции и во таквите ситуации треба да го оспорат или да го критикуваат таквиот говор, а не само да го пренесуваат. Исто така, се вели дека формата и жанрот во кои може да се појави говорот на омраза може да се различни (информација, слика, мислење, коментар). Без оглед каква е формата или жанрот, новинарот мора да процени дали постои голема веројатност дека со нивното објавување може „да се предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн."[20]

Медиумите, генерално, треба да се воздржуваат од објавување каква било форма на говор на омраза, односно новинарите и уредниците не смеат самите да се автори на такви пораки. Тие не смеат ниту да го репродуцираат говорот на омраза, што не значи дека воопшто не треба да известуваат за ситуациите кога говорот на омраза доаѓа од устата на различни општествени актери. Во таквите ситуации е особено важно да го идентификуваат говорот на омраза кај другите актери и да ѝ предочат на публиката на можните импликации од користењето таков говор. Тука, пред сѐ, се мисли на политичарите, на нивните изјави и интервјуа, а особено на директните пораки што содржат говор на омраза.

---

19 International Federation of Journalists, *IFJ Declaration of Principles on the Conduct of Journalists*, (Bordeaux: International Federation of Journalists, 1954), пристапено на 3 февруари 2017, http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/

20 Тамара Чаусидис и Зоран Бојаровски, *Прирачник за етиката во новинарството*, (Скопје: 2012), пристапено на 12 февруари 2017, http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Прирачник-за-етика-во-новинарството-мај-2012.pdf

Новинарите и уредниците треба да бидат многу внимателни и селективни кога се работи за пораки со директен говор на омраза, поради фактот што Македонија е поднебје со етнички и верски специфики. За ова говорат случаите со изградбата на спомен-црква на скопското Кале во 2012 година, протестите против изјавите на политичарите за убиствата кај Смилковско Езеро, вокабуларот на поранешната министерка Јанкуловска во прислушуваните разговори објавени од опозицијата, паролите и пораките изречени за време на политичките протести и контрапротести итн.

Уредниците треба да бидат претпазливи не само во однос на директниот говор на омраза изразен во облик на официјални ставови или пак лични мислења на политичари или јавни личности, туку и во случаите кога тој говор доаѓа од страна на публиката. Ова се однесува пред сѐ на коментарите на читателите што се објавуваат во онлајн-медиумите. Слично како и со рубриката „Писма на читатели" во весниците, и овде улогата на уредниците е многу битна. Имено, онлајн-медиумите, како и традиционалните медиуми, имаат одговорност да не објавуваат коментари што ги надминуваат границите на јавната критика и што содржат експлицитни пораки со говор на омраза. За таа цел, уредниците треба секојдневно да се ангажираат да ја организираат работата на медиумот со цел да спречат објавување пораки со говор на омраза. Тие не треба да бидат само обични селектори на информациите што ги собираат новинарите и не треба да дозволат медиумот да се претвори во обичен пренесувач на изјавите на политичарите што често користат етнонационалистички и агресивен пропагандистички дискурс. Вакви примери често може да се сретнат на провладините медиуми: „Предавници од кои Македонија е нападната поради што може да дојде и до братоубиствени војни„[21] или „Гниди за кои треба бетонска плоча" итн.

Карактеристичен пример е изјавата на Миленко Неделковски, автор на емисијата „Миленко Неделковски шоу" на ТВ Канал 5, дадена во својство на член на невладината организација ГДОМ во директен разговор во ТВ Сител. Во овој случај имаше пропуст од страна на уредникот на вестите на Сител, кој само се извини откако соговорникот просто го истури својот арсенал од навредливи зборови пред камерата. Кога се работи за директно вклучување во живо во телевизиските или во радиопрограмите, уредниците, односно водителите на емисиите треба веднаш да се оградат и да ги предупредат тие што шират говор на омраза веднаш да престанат да употребуваат ваков речник. Истото треба да се случува и ако новинарот известува од директни пренесувања на настани како што се протести, демонстрации или немири. Кога ненадејно ќе се појави говор на омраза во таквите ситуации, новинарот треба веднаш да интервенира, да се дистанцира на јасен начин или пак да го прекине соговорникот.

---

21 Mkdnews, „Пандов: Република Македонија е нападната од домашни предавници и шпиони во соработка со странска служба", Mkdnews, пристапено на 7 април, 2015, http://www.mkdnews.com/2015/04/pandovrepublika-makedonija-e-napadnata-od-domashni-predavnici-i-shpioni-vo-sorabotka-so-stranska-sluzhba/

## 3. Одлуки на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија

Голем број граѓани и субјекти се жалат на присуството на говор на омраза во медиумските содржини. Комисијата разгледала 56 од вкупно 149 случаи, во кои се констатира дека е прекршен членот 10. Најчесто станува збор за говор на омраза врз основа на сексуалната ориентација и врз основа на политичката определба на засегнатите групи и поединци. Најчесто говор на омраза се користи од онлајн-медиумите и од некои новинари што се и автори на емисии.

Постои силна медиумска кампања, поддржана од власта, а чија мета се критичките медиуми и новинарите, особено тие што се поддржани од Сорос и странски фондации, кои се третираат како предавници. Во оваа оркестрирана кампања, која ја водат новинари, но и цели медиуми, се користат директен говор на омраза, клевети, закани, повици на јавен линч и др.

Во случајот *Јовановски за Канал 5 телевизија*, новинарот Борјан Јовановски реагираше на изданието на ТВ-дневникот на Канал 5 од 14 ноември 2014 година. Според него, станува збор за прилог во кој „на крајно непрофесионален и неетички начин се доведува во прашање мојот професионален интегритет, исто како и интегритетот на други наши колеги“. Комисијата за жалби констатираше дека се работи за ТВ-прилог со неопределен жанр, коментар или нешто друго. Дека има многу цитати за кои не се знае кога се искажани. Во ТВ-прилогот се манипулира со изјавите. Комисијата констатира дека во прилогот е прекршен членот 10, особено во делот на загрозување на човековите права и слободи и поттикнување омраза поради политички ставови, бидејќи телевизијата објавила постови на Твитер и еден линк што води кон друг текст, од кои се извлекуваат заклучоци дека споменатиот новинар врши активности против државните интереси.

Во случајот *Цветковска за Вест*, новинарката Сашка Цветковска реагира на текстот со наслов „Љубовна драма во скопска Железара - ја претепал љубовницата и полугола ја исфрлил на улица“, објавен на 24 јануари 2017 во дневниот весник Вест, текст што беше најавен и на насловната страница. Во образложението на жалбата се потенцира дека станува збор за таблоидна приказна во која за жената во ова општество се известува на сексистички, дискриминаторски и дискредитирачки начин. Во жалбата се наведува и дека текстот суптилно сугерира родова нееднаквост преку дискредитирање и лична дисквалификација на жртвата. Комисијата ја прифати жалбата и констатираше дека во текстот се користени фрази што содржат сексистичка, стереотипизирачка и дискриминаторска конотација, притоа не земајќи предвид дека станува збор за нечија семејна трагедија.

> Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.
>
> *Мирче Адамчевски*

## 1. Што е тоа приватност?

Каде престанува приватноста, а каде почнува јавниот интерес и обратно? Ова прашање е вечна новинарска дилема. Факт е дека приватното од јавното ги дели речиси невидлива граница, која често се преминува, било оправдано или не. Европската конвенција за заштита на човековите права и темелните слободи ги штити правото на почитување на приватноста (член 8) и правото на слобода на изразувањето (член 10), како темелни човекови права и слободи. Ниту едно од тие права не е апсолутно, што значи дека може да се ограничат заради заштита на некое друго право или интерес. Па така, правото на почитување на приватноста може да се ограничи доколку јавниот интерес ја оправдува повредата на приватноста. Исто така, и слободата на изразување може да се ограничи заради заштита на нечиј личен или семеен живот доколку не постои некаков доминантен јавен интерес.[22]

Поимот на приватноста е дефиниран со Резолуцијата бр. 428 на Парламентарното собрание на Советот на Европа[23] од 1970 година, и тоа доста широко. Правото на почитување на приватноста првенствено се состои од правото на секој поединец да го живее својот живот со минимално мешање на другите. Тоа се однесува на приватниот живот, семејството и домот, на физичкиот и моралниот интегритет, честа и угледот, на избегнување поединецот да биде претставен во лажна светлина, необелоденување ирелевантни и непријатни факти, неовластено објавување приватни фотографии, заштита од неоправдано и неосновано шпионирање и набљудување, заштита од злоупотреба на приватните комуникации, заштита од откривање информации дадени или примени во доверливост. Некои сметаат дека приватниот живот е вистинска манифестација на принципот на слобода на индивидуата, додека за други тој е извор на субјективни права од посебен вид, на правата на личноста.[24]

---

22 Европски суд за човекови права, *Европска конвенција за заштита на човековите права*, (Стразбур: Европски суд за човекови права, 2017), пристапно на 1 април 2017, http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

23 Council of Europe, Parliamentary Assembly, *Declaration on Mass Communication Media and Human Rights*, (Strasbourg, 1970), http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-EN.asp?fileid=15842&lang=en

24 Снежана Трпевска, *Слобода на изразување и медиумска регулација*, (Скопје: Висока школа за новинарство и односи со јавноста 2010)

Посебен проблем е приватноста на јавните личности. И тие имаат право на заштита на нивната приватност, но во значително помал опсег во однос на други личности што не се познати во јавноста. Во Резолуцијата бр. 1165 од 1988 година за правото на приватност јасно е нагласено дека јавните личности мора да бидат свесни дека позицијата што ја имаат во општеството автоматски доведува до зголемен интерес на јавноста за нивната приватност.[25]

Европскиот суд за човекови права во сите предмети што се однесуваат на правата на приватност и на слобода на изразувањето настојува да најде и да воспостави рамнотежа меѓу нив. Инаку, што се однесува до медиумите, тука нема двојби. Правото на граѓаните за транспарентно и објективно информирање подразбира и известување за приватноста на јавните личности, особено за политичарите или други јавни личности, кога за тоа постои јавен интерес. Медиумите се должни да го заштитуваат и да го промовираат јавниот интерес, односно да им служат единствено на интересите на јавноста.

Кога станува збор за заштита на приватноста во Македонија и македонските медиуми, често се среќава големо непознавање, но и (зло)намерно нарушување на ова право. Медиумите често поради незнаење, а почесто во потрага по сензации, грубо навлегуваат во приватноста на одделни личности, особено во случаи на трагедии или болести. Посебно загрижува нарушувањето на приватноста во онлајн-медиумите. Впрочем, најголем дел од одлуките на Комисијата за жалби се однесува на нарушување на приватноста во онлајн-медиумите, што најчесто се прави преку преземање содржини и фотографии.

Фотографијата претставува биометриски личен податок што спаѓа во категоријата чувствителни лични податоци, кои имаат и посебен степен на заштита и, по правило, не смее да бидат обработувани без согласност од субјектот на личните податоци или без постоење на законска основа[26]. Согласноста на корисникот да објави негови фотографии на својот приватен профил, без разлика на тоа на колку други корисници таа ќе им биде достапна, не значи автоматски и негова согласност тие да бидат реобјавувани на други веб-страници или медиуми. Сепак, доколку поединецот ја одбрал опцијата за „јавно“ објавување, има различни толкувања за законитоста и легитимноста на објавата на таа фотографија без негова согласност.

## 2. Кодексот на новинарите е јасен

Токму поради овие дилеми во регионот се преземаат чекори во новинарските кодекси да се вградуваат насоки за тоа како да им се помогне на медиумите да не ги нарушуваат принципите на почитување на приватноста. Па

25 Council of Europe Parliamentary Assembly, *Resolution 1165 (1988) Right to Privacy*, пристапено на 10 јануари 2017, http://assembly.coe.int/nw/xml/XRef/Xref-XML2HTML-en.asp?fileid=16641&lang%20=en

26 ibid

така, покрај важноста на општите правила на кодексите, за онлајн-опкружувањето се воведуваат и нови правила. Во Србија, Советот за печат подготви и посебни насоки за тоа. Во една од нив за третманот на приватните записи и фотографии објавени на јавните мрежи и платформи се применува правилото во кое се вели дека приватните податоци и записи, вклучувајќи тука и приватни фотографии, видео и други записи што личноста ги објавила на јавни мрежи или други платформи може да се објавуваат само со претходна согласност, освен во случаи кога интересот на јавноста превагнува над правото на приватност[27].

Правото на приватност и јавниот интерес во Кодексот на новинарите на Македонија се регулирани со повеќе принципи (членови во Кодексот).[28] Уште во Принципите на однесување е запишано дека основна задача на новинарите е да ги почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со членот 16 од Уставот на Република Македонија, којшто гарантира слобода на изразување на мислата, слобода на говорот, на јавниот настап, јавното информирање, слободен пристап кон информациите, слобода на примањето и пренесувањето информации, забрана на цензурата.

Во членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија стои дека новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Фактот дека јавниот интерес е регулиран во првиот член на Кодексот на новинарите најдобро зборува за потребата на јавноста секогаш да има на располагање точни проверени и навремени информации. Членот 7 им налага на новинарите да избегнуваат навлегување во приватниот живот на личностите, освен ако однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Новинарот, исто така, е должен да ја почитува личната болка и жалост. Во Прирачникот за етика во новинарството[29] се даваат подетални насоки за тоа на што треба да внимаваат новинарите за да не го повредат овој принцип, а притоа сепак да известуваат водејќи сметка за јавниот интерес.

> Германскиот Совет за печатот во својот Кодекс за заштита на приватноста вели:
> „Печатот ги чува приватниот живот и интимната сфера на луѓето. Меѓутоа, ако приватното однесување е поврзано со јавен интерес, за него може да се известува. При тоа треба да се настојува со објавувањето да не бидат повредени правата на личности што не учествуваат во тоа. Печатот го почитува правото на секој

27 Savet za stampu, *Smernice za primenu Kodeksa novinara Srbije u onlajn okruzenju*, пристапено на 3 март 2017, http://www.savetzastampu.rs/doc/savet-za-stampu_kodeks-i-onlajn-mediji.pdf

28 Здружение на новинарите на Македонија, *Кодекс на новинарите на Македонија, Принципи на однесување*. (Скопје, ЗНМ:2001), пристапено на 25 февруари 2017: http://znm.org.mk/?page_id=1412

29 Тамара Чаусидис и Зоран Бојаровски, *Прирачник за етиката во новинарството*, (Скопје: 2012), пристапено на 12 февруари 2017, http://znm.org.mk/wp-content/uploads/2016/03/Прирачник-за-етика-во-новинарството-мај-2012.pdf

човек да одлучува за објавување податоци поврзани со сопствената личност и гарантира заштита на податоците во рамките на редакцијата."[30]

Комисијата за жалби на британскиот печат, во својот Кодекс, кога станува збор за јавниот интерес, меѓу другото нагласува дека „во случаите во кои се вмешани деца помлади од 16 години уредниците се обврзани да докажат дека постои вонреден јавен интерес за да се пренебрегне интересот на детето, кој е и најважен". Според тој Кодекс, дете помладо од 16 години не смее да биде фотографирано освен со дозвола на неговите родители, старатели или други возрасни личности одговорни за него.[31]

## 3. Одлуки на Комисијата за жалби поврзани со повреда на приватноста

Комисијата за жалби, од разгледани 150-тина претставки, добиени до моментот на подготовката на оваа публикација, во петнаесет утврди нарушување на принципот за почитување на приватноста на личноста. Општа констатација е дека според бројот на нарушувањата на овој член, споредено со другите, тоа се прави во помала мера, но тоа не значи дека ова прекршување е помалку значајно од другите бидејќи најчесто се прави свесно, а поретко од незнаење или небрежност на новинарот. Но понекогаш и жалителите што сметаат дека им е нарушена приватноста не се во право.

Така, во случајот *Ѓорги Угриновски за неделникот Фокус* од лицето Ѓорѓи Угриновски беше поднесена жалба за текстот со наслов „Милионските бизниси на вевчанската фамилија", објавен во неделникот Фокус. Во жалбата се наведува дека во делови од споменатиот текст се изнесени невистини и известувањето не е точно и не е фер, дека е извршена клевета, нарушена е приватноста и не е застапена втората страна. Како што може да се констатира од самиот текст, авторот ги анализира семејните, политичките и бизнис-односите на жалителот Угриноски со лица од политиката. Кај вака напишаниот текст Комисијата, најпрво, констатира дека тој е од јавен интерес бидејќи опфаќа анализа на работата и релациите на политички личности и јавни функционери што со самото тоа прифатиле да бидат предмет на јавен надзор и на потенцијално силна критика од страна на медиумите во поглед на начинот на кој ги извршувале или ги извршуваат своите функции. Поради тоа, Комисијата за жалби констатираше дека принципот за почитување на приватноста во овој случај не е нарушен.

Во членот 7 од Кодексот на новинарите, исто така се налага да се избегнува сензационализам. Во овој поглед, прекршувањата што ги прават некои ме-

30 Stevan Niksic, Ana Davico, *Etika novinarstva - Prirucnik za profesionalne novinare*, (Beograd, CPM> 2004), пристапено на 11 јануари, 2017, https://www.scribd.com/document/26507848/Etika-novinarstva
31 ibid

диуми најчесто се поврзани со преземање содржини од социјалните мрежи и нивно пренесување со сензационални наслови, без да се води сметка дали со тоа се нарушува нечија приватност. За содржините од социјалните мрежи може да се смета дека се во јавен домен. Но за користењето на тие содржини за објавување во медиум мора да се добие претходна согласност, освен ако интересот на јавноста превагнува над правото на приватност.

Така, во случајот *Ангела Илиевска за Netpress.com.mk,* жалбата е поднесена за текстовите „Македонија заложник на ќефовите на Ванхауте" и „ФОТО: Дали Ванхауте прераснува во вистински идол во СДСМ?", објавени на интернет-порталот Netpress.com.mk. Во жалбата се наведува дека со текстовите се нарушува угледот на Илиевска како граѓанска активистка и млада личност. Се наведува и дека е преземена фотографија од личен профил и е најгрубо злоупотребена. Освен тоа, во текстот има и сексистички коментар. Комисијата оцени дека кога ќе се поврзат фотографијата објавена во текстот и сексистичките констатации дадени во прашална форма, со тоа се доведени во прашање достоинството на жалителката и нејзиниот углед во заедницата. Освен тоа, авторот на текстот не навел дека добил дозвола за преземање на фотографијата од Илиевска од нејзиниот профил на социјалната мрежа Фејсбук. Како што понатаму констатираше Комисијата, личниот живот на жалителката, која не е ниту избран ниту именуван функционер, и објавувањето на нејзините лични податоци во форма на физиономија забележана на фотографијата, не може да се смета за прашање од јавен интерес што преовладува над нејзиното право на приватност, кое е гарантирано со Законот за заштита на личните податоци. Оттука, Комисијата констатираше нарушување на принципот на почитување на приватноста.

Според членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, треба да се избегнува објавување фотографии или снимки на починати лица, заради почитување на личната болка и жалост. Во ова спаѓаат и снимки од самоубиства, па дури и ако се направени на јавни места. Исклучок се случаите кога снимањето е оправдано заради заштита на јавниот интерес и ако засегнатите лица дадат согласност за тоа.

Во случајот *Даниел Калајџиевски за плусинфо.мк,* поднесена е жалба за фотографиите „Страотна глетка од несреќната девојка во Градски парк (Галерија)", објавени на интернет-порталот plusinfo.mk. Во жалбата се наведува дека со објавувањето на фотографиите е повредена приватноста и дека објавувањето вакви фотографии од покојната личност претставува нејзино непочитување, како и непочитување на болката на нејзиното семејство и најблиски. Во одговорот на жалбата од порталот беше укажано дека „самозапалувањето на 45-годишна жена, како единствен од таков вид настан во историјата на Македонија (...), претставува јавен настан, за кој медиумите вообичаено известуваат со текст, фотографии и видеа". Притоа, до Комисијата беа доставени адреси на кои може да се најдат и да се видат случаи на самоубиства низ целиот свет. Исто така, беше додадено „дека на фотографиите на Плусинфо нема

доволно елементи да се препознае ликот на жртвата, ниту тажната состојба во која е таа". При одлучувањето, Комисијата за жалби ги зеде предвид и препораките на Светската здравствена организација за превенција на самоубиство, каде што, меѓу другото, се вели дека треба да се избегнува експлицитен опис на користениот метод при извршено или при обидот за самоубиство, фотографии или видеоснимки од местото на самоубиство не треба да се користат, особено ако тоа ги прави локацијата или методот јасни на читателот или гледачот[32]. Комисијата за жалби констатираше дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија и дека објавувањето на фотографиите од жртвата може дополнително да ја зголеми болката на семејството и нејзините блиски, односно дека не се почитувани личната болка и жалост, без оглед што не е објавен идентитетот на жената. Известувањето за настанот можело да биде професионално и без објавување фотографии од починатата.




32 World Health Organization, *Prevention of Suicide: A Resource for Media Professionals*, (Geneva: World Health Organization, 2008), пристапено на 11 февруари 2017, http://www.who.int/mental_health/prevention/suicide/resource_media.pdf

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги
*Мирче Адамчевски*

## 1. Пресметка со личности, вклучувајќи свои колеги

Утврдувањето посебен член или принцип, според кој новинарите треба да го чуваат угледот на професијата и нема да го употребат медиумот за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги, не е обележје на сите совети за печатот или за етика во медиумите. Најголем дел од кодексите на советите за печатот во повеќе земји немаат ваков член. Етичките нарушувања *„новинар против новинар“* се посоодветни за разгледување во рамките на советите на честа, кои се дел од здруженијата на новинарите. Станува збор за еден вид новинарска саморегулација, која се занимава исклучително со новинарите. Во Македонија, бидејќи не е усвоен посебен кодекс за етичко однесување на медиумите, Советот за етика во медиумите се раководи според постојниот Кодекс на новинарите на Македонија.

Отсуството на ваков член или став во кодексите на етичките совети или совети за печатот во повеќето земји не треба да се сфати дека е непотребно, ниту дека само во Македонија има „пресметки“ на медиуми со медиуми. Во другите земји тие прашања се решаваат во рамките на принципите содржани во новинарските кодекси. До подготвувањето нов кодекс за етика на медиумите, и постојниот новинарски кодекс овозможува носење валидни одлуки, бидејќи во него се регулирани истите етички и професионални принципи, а угледот и достоинството на професијата исто така се дел од етичкото однесување на медиумите.

Една од ретките држави во чиј кодекс се зборува за однесувањето на новинари кон новинари е Литванија. Во Етичкиот кодекс на тамошните новинари меѓу другото стои дека:

> „7.Во своите деловни односи новинарите треба да одржуваат рамнотежа меѓу чесниот натпревар и професионалната солидарност.
> 8.Новинарот нема да ги спречува своите колеги во собирањето информации, нема намерно да ги упатува, ниту ќе ги пријавува кај властите.
> 9.Ниту одделни новинари, ниту редакциите нема да се препукуваат преку мас-медиумите поради стари сметки. Таквото однесување не само што му штети на угледот на нивната професија, туку и на нивниот професионален углед...“[33]

33 Stevan Niksic, Ana Davico, *Etika novinarstva - Prirucnik za profesionalne novinare*, (Beograd, CPM> 2004), пристапено на 11 јануари, 2017, https://www.scribd.com/document/26507848/Etika-novinarstva

## 2. Чување на угледот и достоинството

Во македонското медиумско секојдневие често се случува прекршување на принципите за професионалност и етичност. Новинарските здруженија во држави со подолга демократска традиција со текот на годините настојувале да ги отстранат или да ги сведат на најмала можна мера прекршувањата на основните професионални и етички принципи. Саморегулаторните тела во овие држави, чии почетоци се од пред стотина години, се еден од начините да се спречат таквите појави од страна на самите медиуми. Се усвојуваат кодекси во кои се вградуваат принципи, кои укажуваат како медиумите да се справат со неетичките однесувања, меѓу другото, и со загрозувањето на угледот и достоинството на поединци и новинари. Во Македонија оваа појава е многу распространета. Ова особено се однесува на онлајн-медиумите. Постојат „медиуми" и „новинари" што се согласуваат да работат непрофесионално, пропагандистички, кои се без одговорност и се подготвени да направат сѐ за пари и/или за некоја друга привилегија. Таквите „новинари" и „медиуми" се опасност за професијата и за општеството, исто онолку колку и тие што ги искористуваат. Некои велат дека ова го прават бидејќи над глава им висат газдите со разни закани, а над главите на газдите висат бизнис и политичките елити, или пак сѐ се прави во еден клиентелистички однос.

Ниту една уредувачка политика не содржи начело за тоа дека медиумите треба да „плукаат" некого или да се пресметуваат меѓусебно. Напротив, сите се согласни дека прво треба да се направи сѐ за публиката да му верува на медиумот и дека уредувачките одлуки не се носат под влијание на надворешни интереси, политички или комерцијални притисоци или какви било лични интереси. И затоа содржините треба да се прават според највисоки професионални и етички стандарди и такви да ѝ се понудат на публиката. Во крајна линија медиумите зависат и од довербата од публиката. Иако ова во Македонија не е факт, сепак треба кон него да се тежнее.

> Анеми Хогенбом во книгата „Универзален новинар" пишува:
> „Ако сакате да бидете пропагандист, вработете се во правење реклами, во влада или во политика. Новинарот не смее да биде верен никому и на ништо, освен на весниците и читателите: на никаква политичка партија, извор, комерцијален или кој било друг интерес, колку тие и да го заслужиле тоа. Тешко е некој да се занимава со балансирано новинарство и без судир на интереси. Во весникот Вашингтон пост има правило со кое им се забранува на новинарите да учествуваат во каква било политичка активност. Тоа се однесува и за протестните маршеви и демонстрациите. Па така, кога група новинари биле видени на демонстрации во заштита на правото на абортус, им рекле дека нема да им дозволат да пишуваат за ништо на темата абортуси".[34]

---

34 David Randall, *The Universal Journalist*, 4th edition, (Pluto Press, 2007)

Постојат норми, професионални и етички, кои треба да се почитуваат. Во прв ред тука е почитувањето на заедничките интереси и цели на медиумската заедница. Потоа е грижата за престижот на професијата: да не се дозволат криминални дејства, да не се примаат подароци, услуги, привилегии што ја компромитираат моралната чистота на новинарот, да не се користи службената положба во лични цели (рекетирање и уценување), да не се подлегнува на притисок за непубликување текстови и да не се пишуваат нарачани материјали во полза на чии било интереси. Новинарите треба да им помагаат на своите колеги што се нашле во тешка ситуација. Треба да се почитуваат туѓите, но и да се бранат своите авторски права, да се почитува правото ако некој не сака да исполни работна задача што е во спротивност со неговите убедувања и принципи. Во некои земји во овие норми се вклучени и обврските за заемна помош во „технички" делови од соработката, поттикнување кон размена на интерновинарски сознанија (податоци), заедничка потрага по информации и деловни контакти. Во оваа насока е и ставот од Декларацијата на Меѓународната федерација на новинарите (IFJ), во која се вели: Новинарот ќе го смета како сериозно професионално прекршување следново: плагијати; злонамерно лажно прикажување; клеветење, навреда, понижување, неосновани обвинувања; прифаќање мито во која било форма врз основа на публикација или необјавување.[35]

Или сето погоре во една реченица: во својата работа новинарите се водат од етиката на новинарската професија, ги чуваат угледот, достоинството и интегритетот на својата професија, меѓусебно соработуваат и негуваат колегијални односи и професионална солидарност.

## 3. Одлуки на Комисијата за жалби поврзани со угледот и достоинството на професијата

Комисијата за жалби при СЕММ, од 150 разгледани жалби, добиени до моментот на подготовката на оваа публикација, во 21 утврди нарушување на членот 16, односно на принципот за чување на угледот и достоинството на професијата. Согледувањата на Комисијата покажуваат дека се дискриминираат новинари и поединци што очигледно се проблем за противниците на професионализмот во медиумите.

Во случајот *Јовановски за Канал 5* новинарот Борјан Јовановски се обрати до Комисијата за жалби, како една од личностите што се споменуваат во изданието на ТВ-дневникот на Канал 5, емитуван на 19.11.2014. Според Јовановски, станува збор за прилог во кој „на крајно непрофесионален и неетички начин се доведува во прашање мојот професионален интегритет, исто како и интегритетот на други наши колеги". Комисијата за жалби побара одговор на

35 International Federation of Journalists, *IFJ Declaration of Principles on the Conduct of Journalists*, (Bordeaux: International Federation of Journalists, 1954), пристапено на 3 февруари 2017, http://www.ifj.org/about-ifj/ifj-code-of-principles/

претставката од главниот уредник на Канал 5, Лидија Богатинова. Во својот одговор таа понуди неколку твитер-постови од Борјан Јовановски и еден линк што воопшто не е поврзан со подносителот на претставката. Комисијата ја прифати претставката од Јовановски и констатираше повреда на Кодексот на новинарите на Македонија во три члена, вклучувајќи и повреда на членот 16. Комисијата заклучи дека ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со личности и свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите. Дури напротив, новинарот е особено должен да ги брани колегите што страдаат поради своите професионални активности.

Во случајот *ТВ21 за Телеграф.мк* беше поднесена жалба за објавена фотографија во текст со наслов: „ГЕРМАНЕЦОТ ПРИСТИГНА: Хајндл го пречека само амбасадорката Алтхаузер“ (фото), објавен на порталот Телеграф.мк. Телевизијата се жалеше на неточно и нефер-известување, на извршена дискриминација и навреда на медиумот, поради затемнување на логото на телевизијата на објавената фотографија и неодговорност кон колегите. Во одговорот од порталот се вели дека првичната неколегијалност и нефер-однос ги иницирал репортерот од ТВ21, кој бил на истото место каде што бил и фоторепортерот на Телеграф.мк, а кој го фотографирал пристигнувањето на германскиот дипломат. Комисијата констатираше дека колегите можеле да се договорат претходно за тоа како ќе ја завршат својата работа. Борбата за брза и квалитетна информација не треба да доведува до конфликти меѓу медиумите. Жалбата беше прифатена само во поглед на повредата на членот 16, во којшто се зборува дека во својата работа новинарите треба да настојуваат да одржат баланс помеѓу чесната конкурентност и професионалната солидарност, а беа отфрлени наводите за дискриминација и навреда на медиумот.



# Одлуки на Комисијата

## ОБЈАВУВАЊЕ ТОЧНИ И ПРОВЕРЕНИ ИНФОРМАЦИИ (ЧЛЕН 1)

### Жалба: Јане Димески за *Курир*

#### Контекст

Интернет-порталот *Курир* на 15 јуни 2015 година во рамките на рубриката „Македонија“ објави текст со наслов „Интелектуалното рекетарско крило на СДСМ со низа афери“. Во текстот, кој не е потпишан од автор, а од жанровски аспект е мешање на извештај и коментар, се гради конструкција околу поврзаноста помеѓу опозициската партија СДСМ со невладиниот сектор, а се потврдува дека клучните одлуки на оваа партија ги носат личности што не се дел од органите на партијата, туку се интелектуалци и невладини активисти што имаат силно влијание врз лидерот на македонската опозиција Зоран Заев.

#### Жалба

Новинарот и невладин активист Јане Димески на 17 јуни 2015 година поднесе претставка до Комисијата за жалби, во која се наведува дека во текстот известувањето не е точно и не е фер.

#### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата стапи во контакт со интернет-порталот *Курир* со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. До Комисијата за жалби при СЕММ *Курир* не достави никаков одговор на наводите на жалителот.

#### Одлука на комисијата

Комисијата за жалби одлучи дека жалбата во однос на текстовите е основана и дека со содржината на објавениот текст се прекршени четири члена од Кодексот на новинарите на Македонија: членовите 1, 10, 13 и 15.

**Образложение на одлуката**

На седницата одржана на 6 јули 2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески и ја анализираше содржината на објавениот текст. Во текстот се пренесуваат изјави на поединци за работата на Љубомир Фрчкоски како поранешен министер, за Владимир Милчин (во својство на претседател на НВО) и за Бранко Героски и Сашо Ордановски, како новинари. Како што може да се види од самиот текст, авторот тврди дека првиот човек на опозицијата Зоран Заев бил советуван од Љубомир Фрчкоски (поранешен министер), од Бранко Героски и Сашо Орданоски (новинари) и од првиот човек на Соросовата фондација во земјава, Владимир Милчин (некогашен претседател на оваа невладина организација), и нивните искажани ставови потоа станувале и ставови на Заев и на СДСМ. За ова тврдење авторот не понудил никаков доказ или изјава, не навел дали станува збор за шпекулација или за претпоставка, ниту ја обезбедил втората страна, односно не им овозможил на гореспоменатите лица да го искажат својот став за ова тврдење.

Понатаму, авторот не прави статусна разлика меѓу споменатите лица. Комисијата констатира дека во конкретниот текст, легитимна новинарска цел е поранешниот министер Љубомир Фрчкоски, кој како поранешен носител на јавна функција може да подлежи на политичка медиумска дебата, чин што е во потполна согласност со Декларацијата за политичка дебата во медиумите на Комитетот на министрите на Советот на Европа.

Комисијата оцени и дека авторот не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, и посочува дека дел од неговите тврдења за Орданоски претходно во неодамнешната колумна ги потврдил и новинарот Драган Павловиќ-Латас и пренесува негови цитати во кои се употребени низа вулгарни навреди. Поради ова, Комисијата констатираше дека авторот не ја негува културата на говорот и етиката, пренесувајќи содржини што претставуваат непримерна комуникација со јавноста.

Поради сето наведено, Комисијата за жалби оцени дека во текстот „Интелектуалното рекетарско крило на СДСМ со низа афери“ е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот треба да објавува точни, проверени информации. Доколку информацијата не може да се потврди, или ако станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери

информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку од два меѓусебно неповрзани извори. Новинарот треба да обезбеди „втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го искажат својот став, особено во случаите кога изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата за жалби заклучи дека во спорниот текст е прекршен и членот 10 од Кодексот на новинарите, каде што се вели дека новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз политичка основа. Етичкиот и професионален Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење, поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат содржини што имаат цел да шират непријателство или омраза, или содржини за кои постои голема веројатност дека може да предизвикаат непријателство или омраза спрема некого, поради неговата политичка припадност.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека со текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот, каде што се вели дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се одбегне дезинформирање и манипулирање на јавноста.

И четврто, Комисијата за жалби утврди дека во текстот е прекршен и членот 15, каде што се вели дека новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоива со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

## Жалба: Ксенофон Угриновски за Слободен печат

### Контекст

Дневниот весник *Слободен печат* во двобројот од 22 и 23 октомври 2014 година, во рамките на рубриката „Македонија“, објави текст со наслов „Ејакулација надвор од жената не се признава“. Станува збор за новинарски извештај, во кој новинарот критички се осврнува на квалитетот на нов учебник по предметот Граѓанско образование, во рамките на наставата по основно образование. Новинарката преку индивидуалното истражување и ставовите на соговорниците тежнее да ја информира јавноста за содржината на учебниците по овој предмет и дали учениците имаат можност да читаат содржини и да стекнуваат знаења во согласност со модерните сфаќања за општествените односи во едно демократско и либерално општество, какво што треба да биде македонското.

### Жалба

Господинот Ксенофон Угриноски, еден од авторите на учебникот Граѓанско образование за осмо одделение, на 24 октомври 2014 година поднесе претставка до Комисијата за жалби, во која се наведува дека новинарката селективно презела дел од учебникот со цел да прикаже искривена слика за неговата содржина. Имено, се работи за следната формулација: „Лојалните граѓани се подготвени да ги следат правилата и прописите во општеството и по цена да се откажат од својата слобода“. Авторот тврди дека иако во учебникот се споменати и другите форми на граѓанска лојалност, новинарката сметала дека со тоа е исцрпена содржината на учебникот. Исто така, тој забележува дека во новинарскиот текст нема точно цитирање на дел од учебникот, со што може да се доведе до погрешен заклучок.

### Одговор на медиумот

До дневниот весник *Слободен печат*, на 12 ноември 2014 година, Извршната канцеларија на СЕМ упати допис со барање да се изјасни во врска со наводите од жалбата. Дневниот весник *Слободен печат истиот* ден одговори со формален допис, во кој целосно застана зад текстот и зад неговиот автор и побара жалбата да биде отфрлена, изнесувајќи свои аргументи во врска со наводите на жалителот. Имено, се наведува дека во оспорениот напис, со ниту еден збор или алузија не се навредени или наклеветени на кој било начин авторите на спомнатиот учебник, во смисла на одредбите од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Понатаму, во одговорот на медиумот се истакнува дека во постапката на подготовка на оспорениот напис новинарка-

та Бурнс ги консултирала неопходните извори, за на читателите да им ги претстави спорните делови во учебникот и релевантното експертско мислење за нив. Цитирани се: (1) самиот учебник како неоспорен пишан извор, (2) Ленка Гогоска, долгогодишна професорка на Педагошкиот факултет, (3) поранешниот министер за образование Ненад Новковски, и (4) Татјана Гогоска, магистер по комуникологија и истражувач на влијанието на медиумите врз развојот на децата. Изворите се експертски и политички неутрални. Како извори не се консултирани авторите на учебникот, бидејќи за тоа немало ни потреба – сè што имало тие да кажат за методските единици што им се предочуваат на децата го кажале во учебникот (учебникот не се изучува заедно со „објаснувањата" на авторите дадени по медиуми). Во одговорот на Слободен печат се констатира и дека, како што може да се прочита во текстот приложен од подносителот на претставката, независните и неутрални извори ги потврдуваат и ги поткрепуваат наодите на авторката и аголот на новинарскиот текст. Се нагласува и дека во новинарскиот текст нема коментирање!

### Одлука на Комисијата

Комисијата за жалби при Советот за етика на медиумите одлучи дека жалбата е основана. Прекршен е членот 1 на Кодексот на новинарите на Македонија: „Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или ако станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија констатираше дека станува збор за текст во кој целосно и неоспорно е почитуван јавниот интерес. Но при тоа беше забележано дека новинарот не ја обезбедил „втората страна", односно не им дал можност на сите засегнати од новинарскиот текст да го кажат својот став. Особено што се работи за текст во кој предмет на критика се учебници за основно образование. Исто така и насловот во најголем дел не одговара на содржината на текстот.

Комисијата препорачува дека новинарот секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. За да не се случи новинарското известување да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.

**Образложение на Одлуката**

До Комисијата за жалби се обрати господинот Ксенофон Угриноски, еден од авторите на учебникот Граѓанско образование за осмо одделение, за кого има забелешки во делот од учебникот чиј автор е тој. Според него, во новинарскиот текст се проблематизираат некои содржини од наставната единица Граѓанска лојалност, без да се наврати на целата содржина на таа наставна единица. Исто така тој забележува дека нема точно цитирање на дел од учебникот, со што може да се доведе до погрешен заклучок.

Комисијата за жалби ги имаше предвид ставовите на уредништвото на весникот при разгледувањето на претставката. Таа констатираше дека авторот начнал тема што несомнено е од јавен интерес. Дека нема негови коментари, дека има релевантни соговорници што се едногласни во критиката на „спорните" делови од учебникот. Токму општата критика од експерти ја наметнувала потребата да се праша и „втората страна", односно авторите на учебникот, за да одговорат на критиката.

Комисијата констатираше дека од авторот Угриноски не е побарана изјава, ниту пак тој воопшто е контактиран. Што се однесува до погрешниот цитат, кој може да биде и „техничка" или „случајна" грешка, се нагласи дека тоа може да наведе на заклучок дека се работи за контекстуализирање на текстот. Комисијата за жалби во случајов го разгледа само текстот на новинарот и донесе одлука дека во контекстот на текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## НОВИНАРОТ ЌЕ ЈА ПОЧИТУВА ПРИВАТНОСТА НА ЛИЧНОСТА (ЧЛЕН 7)

### Народен правобранител за порталите *Република, Прес24, Курир и Пулс24*

#### Контекст

На 25 ноември 2014 година четири слични текста се објавени на следните портали: *Република* објави текст со наслов „Кристијано Роналдо запишан во прво одделение (фото)", *Прес24* објави текст со наслов „ФОТО: Кристијано Роналдо е од Шутка – фотографијата што ја изнасмеа Македонија", *Курир* објави текст со наслов „ФОТО: Доказ дека Кристијано Роналдо е од Шутка", а *Пулс24* објави текст со наслов „Фото: Роналдо се запиша во прво одделение". Во сите текстови има фотографија од дете на која се гледа извадок од евидентниот лист од основното училиште на ученик што е запишан во прво одделение во учебната 2014/2015 година.

#### Жалба

До Канцеларијата на Советот за етика во медиумите со жалба се обрати заменик-народната правобранителка Васка Б. Мустафа, во која нагласува дека текстовите објавени во порталите *Република*, *Прес24, Курир* и *Пулс24*, кои исто така се објавени и во некои забавни и локални портали, „ги исмејуваат припадниците на ромската задница" со тоа што објавиле фотографија од евидентниот лист на ученик од прво одделение и со ироничниот тон во поглед на имињата што Ромите им ги даваат на своите деца.

#### Одговор на медиумите

Канцеларијата на Советот за етика во медиумите, веднаш по приемот на жалбата, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, ја препрати до горенаведените интернет-портали. Во предвидениот рок, одговор испрати единствено главниот и одговорен уредник на порталот *Пулс24*, Емилија Велиновска. Во својот одговор уредничката Велиновска наведува дека станува збор за преземена содржина, а фотографијата е преземена од социјалната мрежа Фејсбук. Велиновска, понатаму, наведува дека во секој случај направен е ненамерен пропуст, без никаква намера за навредување. Според Велиновска, порталот нема таква политика на работење и досега не се соочил со слични проблеми, па се надеваат дека во иднина ова нема да

се повтори. Истовремено, Велиновска се извини за, според неа, ненамерниот пропуст и ја информираше Комисијата дека, доколку е потребно, порталот и јавно ќе се извини. Уредничката ја извести Комисијата за жалби дека содржината веќе е отстранета од *Пулс24*.

### Одлука на Комисијата

Претставката е прифатена. Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 9 и 10. Членот 7 се однесува на тоа дека новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, членот 9 утврдува дека новинарот не смее да интервјуира или да фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, а членот 10 бара од новинарот да ги почитува човековите права и слободи, да не употребува јазик на омраза и да не поттикнува дискриминација врз која било основа. Освен тоа, Комисијата потсетува и дека третирањето на децата во медиумите е регулирано и со меѓународните документи и со домашната легислатива, кои, меѓу другото, пропишуваат дека не смее да се манипулира со детските емоции или да се објавува идентитетот на детето без согласност на родителот или старателот.

### Образложение на Одлуката

Комисијата за жалби заклучи дека објавените текстови не обработуваат теми од јавен интерес, туку напротив, во нив се објавува содржина што има цел да привлече читатели заради забава, без притоа да се води сметка за тоа дали се повредени нечии права, во конкретниот случај правата на дете од ромска националност. Комисијата утврди дека се повредени членот 7 и 9 од Кодексот на новинарите на Македонија, бидејќи информациите за приватниот живот на одредена личност може да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во овој случај, Комисијата утврди и дека гореспоменатите портали објавиле документ што го открива идентитетот на малолетен ученик, без притоа да се свесни дека можат да му нанесат штета на ученикот. Името и презимето на малолетник во никој случај не треба да бидат коментирани или споменувани во ниту еден контекст во медиумите и без согласност на неговиот родител или старател, бидејќи заштитата на приватноста е човеково право.

Комисијата за жалби утврди и дека порталите го повредиле членот 10 од Кодексот, бидејќи објавиле фотографија на малолетник со извадок од евидентниот лист од основното училиште.

## Душица Мрѓа за *Сител* (електронско издание)

### Контекст

Електронското издание на телевизијата Сител на 25 април 2016 година објави текст со фотографија преземена од приватен статус на јавна мрежа, насловен: „Креваат 'револуција', а во недела одмораат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња". Електронската копија (принтскрин) на статусот покажува лица сосема непознати за пошироката јавност, а не и личноста посочена во текстот.

### Жалба

Новинарката Душица Мрѓа, личност посочена во текстот, на 26 април 2016 година поднесе претставка до Комисијата за жалби при СЕММ за содржината со наслов „Креваат 'револуција', а во недела одмораат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња", објавена на електронското издание на ТВ Сител. Во претставката таа наведува дека со содржината на објавеното ѝ се нарушува приватноста.

### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со телевизија Сител и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Главниот и одговорен уредник на Сител, Драган Павловиќ-Латас, во својот одговор меѓу другото наведе дека уредништвото на телевизијата не сноси одговорност, особено поради тоа што таква вест не постои во ТВ-програмата.

### Одлука на Комисијата

Претставката е прифатена. Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 1, 13 и 16.

### Образложение на Одлуката

На седницата одржана на 20 мај 2016 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Душица Мрѓа и направи увид во наведената содржина. Комисијата констатираше дека во текстот „Креваат 'револуција', а во недела одмораат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња" има принтскрин (електронска копија) од лицето Душица Мрѓа, каде што пишува дека престојува во рибен ресторан, но на принтскринот се забележуваат две

машки лица и дете на кое не му се гледа ликот. Комисијата констатираше дека лицата на фотографијата не се познати за пошироката јавност и не се носители на јавни функции, додека лицето Душица Мрѓа е познато како новинар/уредник во телевизијата 24 вести.

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид фактот што на веб-страницата на телевизија Сител, на дното, е наведено дека авторските права на страницата ѝ припаѓаат на телевизијата Сител и е ставено лого за заштита на авторските права. Исто така, Комисијата при увидот констатираше дека на страницата на ТРД Сител нема импресум со имиња на уредниците и новинарите. Комисијата направи увид и во регистарот на интернет-домени во Македонија на МАРнет и констатираше дека интернет-доменот sitel.mk со регистарска шифра NEXT-R36628 е во сопственост на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. 1732 бр.2, Скопје, 1000, МК.

Дополнително, Комисијата направи увид и во регистарот на радиодуфузери објавен на интернет-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, каде што се објавени и имињата на главните уредници на сите ТРД во државата. Од регистарот јасно се констатира дека главен и одговорен уредник на телевизија Сител е Драган Павловиќ-Латас. Во согласност со горенаведеното, Комисијата констатираше дека интернет-страницата sitel.mk е во сопственост на ТРД Сител, каде што за авторските права на новинарските содржини и на правното лице, но и за она што е објавено, одговара главниот и одговорен уредник Драган Павловиќ-Латас.

Комисијата утврди дека лицата на објавената фотографија на интернет-страницата sitel.mk исто така треба да уживаат заштита на приватниот живот, што во овој случај не е сторено од страна на медиумот, бидејќи нивниот приватен живот во никој случај не може да претставува јавен интерес. Оттаму, Комисијата утврди дека со објавената содржина е прекршен членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој информации за приватниот живот на одредена личност може да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес.

Комисијата за жалби утврди и дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори. Во случајов не е прашана Душица Мрѓа, а како извор е искористен туѓ пост на ФБ.

Натаму, Комисијата констатираше дека е прекршен членот 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Во информацијата се тврди дека „учесниците на насилните протести во Скопје, кои се поттикнати и поддржани од СДСМ, во работните денови креваат 'револуција', а за викенд заминуваат на луксузни патувања". Исто така, се вели и дека „оние што се најгласни за време на протестите во кои се уништуваат симболи на македонската историја и се удира по полицајци, се шетаат во странство, на скапи дестинации каде трошат многу пари. За иронијата да биде поголема, на протести тие зборуваат и за сиромаштија меѓу граѓаните". На тој начин Мрѓа е цел на коментари, а без да има некаков факт во информацијата. Ниту била во странство, ниту пак ја има на споменатата фотографија.

Понатаму, Комисијата за жалби најде дека е прекршен и членот 16, според кој ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со личности и со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што ги намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите. Освен пресметката со Мрѓа, станува збор и за атака врз личности и дете непознати со јавноста, а е објавен принтскрин од нивен статус.

# НОВИНАРОТ НЕМА ДА ГОВОРИ СО ЈАЗИКОТ НА ОМРАЗАТА (ЧЛЕН 10)

## Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ за *Сител 3*

### Контекст

Во контактната емисија „Јади бурек“ на *ТВ Сител 3*, од 25 февруари 2015 година, водителот и уредник на емисијата Јанко Илковски при вклучување на еден гледач користеше речник што не ја негува културата на говорот и етиката и се однесува дискриминаторски кон ЛГБТ-заедницата.

### Жалба

Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ на 11 март 2015 година упати жалба за емисијата „Јади бурек“. Жалителот во жалбата наведува дека во емисијата е користен говор на омраза кон припадниците на ЛГБТ-заедницата.

### Одговор на медиумот

На 14 март 2015 година СЕММ испрати допис до Сител 3, во кој се бара телевизијата да се произнесе за наводите во жалбата. Ниту медиумот, ниту авторот на емисијата не одговорија на жалбата на оваа невладина организација.

### Одлука на Комисијата

Комисијата за жалби при Советот за етика одлучи дека жалбата е основана, а Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 11 и 15.

### Образложение на одлуката

На седницата одржана на 10 јуни 2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ и направи увид во наведената емисија. Во видеоматеријалот од емисијата јасно се слуша делот што е посочен во жалбата. Поконкретно, се јавува гледач што вели „..за педерите што се јавуваат треба да им се [.......][36]“ на што водителот одговара: „Немојте, слушаат и мали деца, лоши асоцијации да не

36 Извадокот од изјавата намерно не се цитира, со цел авторите и самите да не го ‘репродуцираат’ говорот на омраза.

им даваме. Ај, нешто покултурно што можеш да кажеш. Не мора толку вулгарно да биде, иако јас се согласувам, би те пуштил да си кажеш сè што сакаш".

Комисијата за жалби оцени дека во емисијата „Јади бурек" новинарот и медиумот го прекршиле членот 10 од Кодексот на новинари, според кој новинарот нема да говори со јазикот на омраза и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, *сексуална ориентација*, политичка). Во споменатиот случај, медиумот и новинарот објавија материјал што има цел да шири непријателство или омраза кон припадниците на оваа заедница. Обврска на новинарите и на медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење, поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот не треба да објавуваат содржини (информација, слика, мислење, коментар) што имаат цел да шират непријателство или омраза, ниту какви било други содржини за кои постои голема веројатност дека може да предизвикаат непријателство или омраза спрема припадниците на некоја заедница.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатата емисија, спротивно на членот 11, новинарот не се придржувал на општоприфатените стандарди на пристојност и почитување на различностите во Македонија и ги прекршува сите точки од споменатиот член. Имено, навредување врз основа на етничката, националната, политичката, родовата или сексуалната припадност е дозволено само ако тоа е важно за целосно разбирање на приказната. Новинарот мора да биде свесен за етничките, културните, религиозните, сексуалните и други чувствителни теми и да ги третира во согласност со тоа. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од своите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е, или се граничи со говорот на омраза. Секогаш треба да се избегнуваат фрази што во себе носат шовинистичка, сексистичка или каква било друга дискриминаторска конотација. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, затоа е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик и промовирање стереотипи или дискриминација.

Комисијата за жалби утврди дека во конкретниот случај, спротивно на членот 15 од Кодексот, новинарот не ја негувал културата на говорот и етиката. Неспоива со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која ѝ се обраќа. Новинарот не треба да користи непримерни и вознемирувачки содржини во својата работа.

Понатаму, при одлучувањето Комисијата го зеде предвид и членот 10 од Европската конвенција за човековите права, според кој секој човек има право на слобода на изразување, односно слобода на мислење и слобода на примање и пренесување информации или идеи. Остварувањето на овие слободи вклучува обврски и одговорности и поради тоа може да биде предмет на одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон. Тие ограничувања во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за да се заштитат определени легитимни цели: државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, спречување на ширењето доверливи информации или зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

## ОБСЕ за ТВ СИТЕЛ

### Контекст

На 26 февруари 2015 година во дневникот на ТВ Сител во 18 часот од Кавадарци беше директно вклучен телевизискиот водител Миленко Неделковски, како член на Граѓанско движење за одбрана на Македонија (ГДОМ), и соговорникот искажа мислења и ставови што содржат говор на омраза.

### Жалба

До Извршната канцеларија на СЕММ на 4 март 2015 година, Мисијата на ОБСЕ во Македонија поднесе жалба во врска со изјавата на Миленко Неделковски дадена од Кавадарци за Дневникот на ТВ Сител. ОБСЕ во писмото наведува дека со изјавата на Неделковски според која голем број лица, повеќето новинари и политичари, треба „да се закопаат длабоко и врз нив да се стави една дебела, силна, армирана, бетонска плоча за веќе да немаат никакво влијание врз ова што се случува", како и други негови забелешки, тој ја надмина црвената линија во говорот на омраза, што е дејство што не смее да се толерира. Во продолжение на писмото од Мисијата на ОБСЕ се вели дека „забелешките на Неделковски се продолжение на негативната практика на говор на омраза, како дел од неговите редовни искажувања. Мисијата на ОБСЕ во Скопје е вклучена во проекти против говорот на омразата. Доколку во медиумите се дозволува ширење на таков говор, се компромитираат и се потценуваат нашите заложби", се вели во реакцијата од Мисијата на ОБСЕ. Според тоа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје „одбива каков било контакт со Неделковски и со сите медиуми што му обезбедуваат платформа за да ги искаже таквите ужасни пораки".

### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ по приемот на жалбата на 5 март 2015 година оствари контакт со уредникот на Дневникот на Сител Валентин Николовски, а потоа следуваше и средба со одговорниот уредник на телевизијата, Драган П. Латас. По средбата, одговорниот уредник Латас достави и официјален одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека Сител нема никаква одговорност за изјавата на лицето, која е дадена во пренос во живо и за која уредникот на Дневникот, Валентин Николовски, веднаш по изрекувањето на изјавата дал и оградување од неа. Во одговорот се истакнува дека посочениот случај не е дел од програмата на Сител, туку лична изјава на познат извор дадена во живо, каде што Сител нема влијание врз неа. Латас наведува дека

ТВ Сител смета дека ОБСЕ нема мандат, ниту право да зазема селективен став дека со некои медиуми ќе комуницира, а со други не, па нивниот став го смета за притисок врз медиум и личен каприц на шеф на Мисијата на ОБСЕ.

**Одлука на Комисијата**

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите одлучи дека жалбата на Мисијата на ОБСЕ е основана. Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10 и 11.

**Образложение на одлуката**

На седницата на 20 март 2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, односно Мисијата на ОБСЕ во Македонија, на одговорниот уредник на ТВ Сител Драган П. Латас, и направи увид во наведените вести. Од видеоматеријалите од вестите на ТВ Сител емитувани на ден 26 февруари 2015 година беше утврдено дека гостинот Миленко Неделковски на прашањето од новинарот што ќе им порача вечерта на граѓаните на Кавадарци, одговара: „Па, ќе им порачам дека оваа финална битка на македонскиот народ со предавниците во своите редови треба да се заврши на начин што треба сите тие предавници, гниди македонски, за жал македонски, да се закопаат длабоко и врз нив да се стави една дебела силна, армирана, тешка бетонска плоча за веќе да немаат никакво влијание врз ова што се случува. Исто така, ќе порачам дека се согласувам со вчерашното тврдење на Сашо Ордановски дека во Македонија има битанги. Меѓутоа според мене битанги, каков што е токму Сашо Ордановски, човек што 20 години е косовски лобист, финансиран од албанското подземје на Косово, битанга е човек како што е Зоран Заев, кој е соработник на странски разузнавачки служби и материјалите ги користи за политичко блекмејлување, значи за политичка уцена, битанга е човек каков што е Бранко Героски, кој во своите текстови признаваше дека кога била министерка за внатрешни работи Доста Димовска, која тој ја ословува како Достич, се јавувал и успевал да обезбеди да бидат ослободени луѓе што се занимавале со трговија, односно продавање опојни материјали, со трговија на дрога. Со такви битанги си имаме работа, за тие битанги сакам да направиме бетонска плоча, која не ќе можат веќе да ја подигнат." По завршувањето на линковското вклучување уредникот-водител лично и од името на ТВ Сител се огради од вокабуларот на Неделковски.

Комисијата го поздравува и го цени извинувањето на уредникот, но тоа не ја намалува тежината на говорот на омраза искажан од соговорникот. При своето одлучување Комисијата го зеде предвид чл. 10 од Европската конвенција за човекови права и Препораката на R(97) 20 на Комитетот на Министри на Сове-

тот на Европа за „говор на омраза“ од 1997 година, каде што терминот „говор на омраза“ се дефинира како говор што ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шират, се поттикнуваат, се промовираат или се оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција.

При ценењето на доказите и утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата ги зеде предвид намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и можните последици. Во конкретниот случај, беше констатирано дека соговорникот имал намера да поттикне или да оправда омраза кон лица што ѝ припаѓаат на група со поинакво гледиште од неговото. Дополнителен факт е што тој говор доаѓа од јавна личност новинар, во време на политички тензии и е изречен преку национална телевизија. Во однос на можните последици, Комисијата оцени дека дадените изјави, покрај тоа што го повредуваат достоинството на поединците, исто така може да доведат до нарушување на јавниот ред и мир, да поттикнат насилство меѓу одделни групи во општеството, односно криминал од омраза кон лицата што се предмет на таквиот говор.

Поради ова, Комисијата оцени дека медиумот и новинарот го прекршиле членот 10 од Кодексот, според кој говорот на омраза е неспоив со новинарската етика. Етичките и професионалните правила на новинарите им налагаат посебна одговорност за јавно искажаниот збор, бидејќи нивните ставови имаат големо влијание врз обликувањето на јавното мислење. Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во конкретниот случај новинарот не се придржувал до општоприфатените стандарди за пристојноста и почитувањето на различностите, односно дека новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, па затоа е должен да ги парафразира или јасно да се огради од изречениот говор на омраза.

## НОВИНАРОТ ТРЕБА ДА ПРАВИ РАЗЛИКА МЕЃУ ФАКТИТЕ И МИСЛЕЊЕТО (ЧЛЕН 13)

### Митко Андреевски за *Вечер*

#### Контекст

Дневниот весник Вечер во броевите од 16, 17 и 18 ноември и во електронското издание од 15, 16 и 17 ноември 2016 година, на насловната страница, а потоа и на внатрешните страници, во рубриката „Вести", објави серија текстови со наднаслов „Зошто во Струмица гасот е поскап од струјата?!" и со наслови „Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод", па „Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за 3 години!" и „Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла Антикорупциска". Станува збор за истражување во кое медиумот се осврнува на снабдувањето на Струмица со гас. Медиумот преку истражувањето прави обид да докаже дека снабдувањето на градот со гас е на грбот на граѓаните, кои плаќаат прескапо, а профитот од превисоките цени оди во компанијата „СИ ЕН ЏИ Систем", чиј сопственик и директор е член на тела во политичката партија СДСМ и близок на нејзиниот лидер.

#### Жалба

Господинот Митко Андреевски, сопственик и директор на „СИ ЕН ЏИ Систем", преку адвокатската канцеларија на Филип Медарски, поднесе жалба до Советот за етика во медиумите на Македонија за трите текста. Во жалбата се наведува дека во текстовите известувањето е неточно и нефер, не е застапена втората страна и е изречена клевета. Жалителот во прилог достави и доказ - Барање за демант, извинување и јавно повлекување на текстовите, за кое тврди дека било доставено до главниот и одговорен уредник на весникот, а приложи и потврди за прием на поштенските пратки.

#### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со весникот Вечер и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Оттаму не испратија одговор.

### Одлука на Комисијата

Комисијата ја прифати жалбата и оцени дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1, 3 и 13. Комисијата констатираше дека станува збор за текстови во кои се пишува за теми од јавен интерес, но медиумот не ја обезбедил „втората страна“, не го објавил демантот, односно не им дал можност на сите засегнати од новинарскиот текст да го кажат својот став. Освен тоа, во текстовите се пласирани коментари без да води сметка за отсуството на фактите.

### Образложение на Одлуката

На седницата одржана на 26 декември 2016 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведените текстови. Најпрво, членовите на Комисијата констатираа дека се работи за три аналитички текста во низа и за исти околности, според што одлучија текстовите да ги спојат во еден предмет и да одлучат во целина. Комисијата оцени дека сите три текста се однесуваат на теми од јавен интерес, бидејќи во нив критички се анализира работата на политичари и носители на јавни функции, во конкретниот случај на градоначалникот на Општина Струмица и лидер на СДСМ - Зоран Заев, на Митко Андреевски, претседател на Комисијата за енергетика на СДСМ и управител на друштвото СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ-увоз извоз Скопје и на директорот на ЈП за енергетски дејности „Струмица гас“, Зоран Китанов. Како носители на јавни функции, а во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата на Советот на Европа, тие се подложни на јавен надзор и критика во поглед на начинот на кој ја извршувале или ја извршуваат својата функција (во онаа мера во која е потребно да се обезбеди транспарентно и одговорно вршење на нивните функции), па оттука тие не би требало да уживаат поголема заштита на угледот и другите права од обичните поединци (чл. III, IV и VI од Декларацијата).

Комисијата констатираше дека во текстовите „Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод“ објавен на 16 ноември 2016 година, „Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!“ објавен на 17 ноември 2016 година, авторот го употребува терминот „пајташ“, кој се однесува на Андреевски. Во Речникот на македонскиот јазик терминот „пајташ“ е архаизам, пејоратив, остаток од турскиот збор „pâydâş“, кој означува другар, пријател, соучесник. Иако овој збор нема навредлива содржина како таков, новинарот, сепак, има право да употребува и поостри зборови, да претерува и да провоцира, сѐ со цел да го сврти вниманието на јавноста кон заштитата на јавниот интерес[37].

37 Ова се нагласува во повеќе пресуди на ЕСЧП, на пример во Dichand and others v. Austria.

При одлучувањето, исто така, Комисијата констатираше дека нејзините членови не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во текстот, односно нивна надлежност е да ја анализираат примената на етичките и професионалните стандарди при создавањето на новинарскиот производ. Оттука, Комисијата оцени дека авторот на текстовите „Партиски пајташ на Заев зема милиони од струмичани преку гасовод" и „Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" постапил без да им обрне должно внимание на професионалните стандарди на новинарската професија и, иако за своите тврдења побарал став од Општина Струмица, сепак не им дал можност на сите засегнати страни да го кажат својот став, односно конкретно не побарал став и од жалителот Андреевски. Постулат на новинарската професија е дека кога се изнесуваат сомневања и таму каде што се инволвирани повеќе лица што се предмет на критика, задолжително треба да се побара став од сите наведени лица. Доколку не е можно да се обезбеди став од сите инволвирани, тоа стриктно мора да се наведе.

Од приложените докази, а и од реченицата „Андреевски вчера во демант вели дека не се точни информациите дека добил два тендери од Струмица, но податоците од Бирото за јавни набавки го потврдуваат она што го објави Вечер", Комисијата констатираше дека Андреевски испратил демант до весникот „Вечер", кој бил примен, но авторот објавил само дека е пристигнат демант со кој се побиваат објавените информации. Со необјавувањето на демантот (исправката) во согласност со новинарските стандарди, но и онака како што пропишуваат чл. 17 и 18 од Законот за медиуми, авторот и весникот повторно не постапиле во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија. Исправката е и уставно загарантирано право, така што медиумот му го ускратил ова право на Андреевски и објавил само дека пристигнал демант со кој се негираат информациите.

Понатаму, Комисијата оцени и дека во два од трите текста не е разграничено што се факти и информации, а што претпоставка или став на авторот. Во текстот „Пајташот на Заев инкасирал од струмичани 2,5 милиони евра за три години!" авторот наведува: „Тендерските комбинации на Заев, неговите роднини и сопартијци не се ништо ново за струмичани. Медиумите ја објавија целата тендерска мрежа на струмичкиот градоначалник преку која милиони евра пари на струмичани завршувале во фирмите на Вицето, но и таткото, чичкото, стрините и блиските пријатели на кланот Заеви". На овој начин, а врз основа на претходно изнесените тврдења во самиот текст, авторот својот став го прикрива во форма на факт и информации, со што ја дезинформира и ја манипулира публиката. За ова тврдење, авторот не наведува веќе познат, конкретен, факт.

Во текстот „Тендерскиот скандал на Заев и неговиот сопартиец Андреевски ќе го чешла антикорупциска!“ авторот наведува: „Тендерскиот скандал на Заев со неговиот партиски претседател на Комисијата за енергетика е само еден во низата тендери кои Заев ги делел на своите роднини, пријатели и сопартијци. Медиумите веќе објавија цела мрежа тендери кои Заев му ги давал на својот брат, татко, чичко, братучеди и партиски послушници при што од џебот на граѓаните на општина Струмица биле извлечени милиони евра“. На овој начин, а врз основа на претходно изнесените тврдења во самиот текст, авторот, исто така, својот став го прикрива во форма на факт и информации, со што ја дезинформира и ја манипулира публиката. И за ова тврдење авторот не наведува веќе познат, конкретен факт.

Поради горенаведеното, Комисијата за жалби заклучи дека со спорните текстови објавени во печатеното издание и на интернет-порталот на весникот, дневниот весник „Вечер“ го прекрши членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата заклучи и дека е прекршен членот 3, според кој медиумот, односно новинарот, треба да обезбеди објавување исправка, демант или одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Моралната одговорност за неточноста на информацијата паѓа на новинарот и затоа е важно тој самиот да влијае и да обезбеди објавување демант, исправка или одговор во медиумот во кој информацијата е објавена, а чијшто автор е тој. На тој начин новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Сите грешки мора да се потврдат и да се коригираат. Признавањето на грешката е доблест, а нејзиното прикривање е неспоиво со професионалното достоинство и интегритет.

Комисијата заклучи и дека е прекршен членот 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат соп-

ственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

## Јане Димески за *Курир*

### Контекст

Интернет-порталот *Курир* на 15 јуни 2015 година во рубриката Македонија објави текст со наслов „Интелектуалното рекетарско крило на СДСМ со низа афери". Станува збор за новинарски текст што треба да биде осврт и што не е потпишан од автор. Во него се критикуваат поединци, според авторот, „интелектуално рекетарско крило на СДСМ", новинари и професори, кои се нарекуваат криминалци, арамии, полициски новинари.

### Жалба

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на 17 јуни 2015 година, лицето Јане Димески поднесе жалба во која наведува дека известувањето во текстот не е точно и не е фер.

### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, на 25 јуни 2015 година стапи во контакт со интернет-порталот *Курир* со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. До седницата на Комисијата за жалби при СЕММ *Курир* не достави одговор на наводите на жалителот.

### Одлука на Комисијата

Комисијата за жалби оцени дека жалбата во однос на текстовите е основана и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10, 13 и 15.

### Образложение на Одлуката

На седницата на 6 јули 2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески и направи увид во наведениот текст. Во текстот „Интелектуалното рекетарско крило на СДСМ со низа афери" меѓу другото е наведено:„Со последните потези што ги презема претседателот на СДСМ Зоран Заев, на очиглед на јавноста стана јасно дека со најголемата македонска опозициска партија и воедно со целата опозиција не управува и раководи Заев, туку истиот слепо ги слуша и само повторува ставовите искажани од интелектуалното рекетарско крило на СДСМ кое всушност раководи со партија-

та. Заев во изминатиов период беспоговорно ги следеше наредбите на една група на лица кои се познати по антидржавно дејствување базирано на деструкција и лични комплекси, но и лица кои зад себе имаат еден куп скандали и низа афери. Имено, ставовите на Заев беа градени по претходно искажани мислења на Љубомир Фрчкоски, Бранко Героски, Сашо Орданоски и првиот човек на Соросовата фондација во земјава Владимир Милчин. Она што оваа четворка ќе му го наложеше на Заев веднаш истото стануваше став и на опозицискиот лидер. Но, кое е таканареченото интелектуално крило кое во моментов ги диктира ставовите на Заев и СДСМ. Фрчкоски, Героски, Орданоски и Милчин зад себе имаат низа афери кои сега крајно неодговорно и штетно дејствуваат, при тоа држејќи ја во заложништво целата држава и сите граѓани."

Понатаму, авторот на текстот пренесува изјави на лица за работата на Љубомир Фрчкоски како министер, па потоа за работата на Владимир Милчин (во својство на претседател на НВО) и на Героски и Ордановски како новинари. Како што може да се увиди од текстот, авторот тврди дека првиот човек на опозицијата Зоран Заев бил советуван од Љубомир Фрчкоски (поранешен министер), Бранко Героски (новинар) и првиот човек на Соросовата фондација во земјава Владимир Милчин (некогашен претседател на НВО), и искажаните ставови на Ордановски (новинар) станувале и ставови на Заев и СДСМ. За ова тврдење, авторот не понудил никаков доказ или изјава, не објавува дали станува збор за шпекулација или претпоставка, ниту за оваа констатација ја обезбедил втората страна и на гореспоменатите лица им овозможил да го кажат својот став за ова тврдење.

Исто така, авторот не прави статусна разлика меѓу споменатите лица, не прави разлика помеѓу јавен интерес и интерес на јавноста. Во конкретниот текст, легитимна цел на новинарска критика е поранешниот министер Љубомир Фрчкоски, кој како поранешен носител на јавна функција подлежи на надзор и јавна критика, согласно со Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите на Комитетот на министрите на Советот на Европа.

Понатаму, авторот не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот, и посочува дека дел од неговите тврдења за Орданоски претходно ги потврдил во неодамнешна колумна и новинарот Драган Павловиќ-Латас и пренесува негови цитати во кои се употребени вулгарности. Поради ова, Комисијата констатираше дека авторот не ја негувал културата на говорот и етиката, пренесувајќи содржини што претставуваат непримерна комуникација со јавноста.

Врз основа на погорните констатации, Комисијата за жалби заклучи дека станува збор за нарушување на четири члена од Кодексот на новинарите на Македонија: 1, 10, 13 и 15.

Во текстот „Интелектуалното рекетарско крило на СДСМ со низа афери", објавен на 15 јуни 2015 година, интернет-порталот Курир го прекрши членот 1 од Кодексот, односно обврската да објавува точни и проверени информации. Во текстот нема „втора страна", односно на ниту една од спомenатите личности во него не ѝ е дадена можност да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика, како што е случај со спомeнатиот текст.

Комисијата за жалби заклучи дека во спорниот текст е прекршен и членот 10 од Кодексот, каде што се вели дека новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз политичка основа. Во случајов, уште од почетокот на текстот јасно е дека се врши политичка дискриминација на неколку поединци. Тоа го навестува поднасловот: „Со последните потези што ги презема претседателот на СДСМ Зоран Заев, на очиглед на јавноста стана јасно дека со најголемата македонска опозициска партија и воедно со целата опозиција не управува и раководи Заев, туку истиот слепо ги слуша и само повторува ставовите искажани од интелектуалното рекетарско крило на СДСМ кое всушност раководи со партијата". Исто така и реченицата, како и многу други, дека „Заев во изминатиов период беспоговорно ги следеше наредбите на една група на лица кои се познати по антидржавно дејствување базирано на деструкција и лични комплекси, но и лица кои зад себе имаат еден куп скандали и низа афери."

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека со текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот, каде што се вели дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. За да се манипулира со публиката, се коментира, па така, меѓу другото, во текстот може да се прочита дека „...таканареченото интелектуално крило кое во моментов ги диктира ставовите на Заев и СДСМ… Фрчкоски, Героски, Орданоски и Милчин зад себе имаат низа афери кои сега крајно неодговорно и штетно дејствуваат, притоа држејќи ја во заложништво целата држава и сите граѓани."

Комисијата за жалби најде дека во текстот е прекршен и членот 15, за негување на културата на говорот и етиката. Па така во текстот има искажувања

што се во спротивност со овој член. На пример: „Иди бе браон главо празноглава, поработи уште малку за крвавите косовски пари на Ветон Сурои. Од тие крвави косовски пари Орданоски живее со децении, им го пуши на косовските олигарси и нивните криминалци.“

# ПРОФЕСИОНАЛНА ДИСТАНЦА ОД ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ (ЧЛЕН 14)

## Жалба: Лидија Димова за *Република*

### Контекст

Онлајн-изданието на списанието „Република“ на 11 ноември 2014 објави текст со наслов „Агентите кои земаат повеќе од што заслужуваат“, кој жанровски е мешање на извештајот со коментарот. Во овој текст се обвинуваат одредени личности дека работат за туѓи и странски интереси, иако во текстот не се потврдува констатацијата во насловот, а се работи за отворена клевета.

### Жалба

Госпоѓата Лидија Димова, пратеник во Собранието на Република Македонија, поднесе жалба во која тврди дека текстот на Република не е точен и има тенденциозни лаги, а како резултат на тоа смета дека е нарушена нејзината репутација, како човек, пратеник од опозицијата. Во жалбата наведува дека таа стравува за својата безбедност, поради фактот што написот недвосмислено повикува на омраза и насилство.

### Одговор на медиумот

Комисијата за жалби на 20 ноември побара одговор од главниот уредник на онлајн-изданието на „Република“, Билјана Зафирова. Во својот одговор од 28 ноември таа вели дека новинарите имаат обврска да поставуваат дилеми и прашања за работи што се важни за општеството. „Токму тоа и го сторивме - поставивме дилема, односно поставивме прашање: Кому му одговара пласирањето на информации кои не се во интерес на Македонија и кои ѝ штетат на македонската позиција за името? Сето ова беше поткрепено со изводоци од изјавите и објавите на споменатите лица за темата за која зборуваме. Главно, целата статија е поткрепена со принтскрин и линкови од изјавите и објавите на именуваните. Ниту изјавите се измислени, ниту принтскрин фотографиите се фалсификувани и монтирани.“ Во одговорот се вели и дека во објавениот текст во ниту еден момент не се повикува на јавен линч и насилство и дека не се загрозува ничиј живот.

### Одлука на Комисијата

Комисијата одлучи дека жалбата е основана, а дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

## Образложение на одлуката

Комисијата за жалби констатираше дека во споменатиот текст, без наведен автор, станува збор за грубо нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија. Поконкретно, во текстот нема „втора страна", а непознатиот автор не ги проверил податоците и нивната точност, кои се морални императиви на новинарството. Во текстот, исто така, не се прави разлика меѓу факти и мислења и меѓу вест и коментар. Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но непознатиот автор сопственото мислење го камуфлира како факт. Оценка на Комисијата е дека во текстот се пласираат дезинформации и манипулации поради политички мотиви. Исто така, текстот е полн со навреди и лични дисквалификации.

Комисијата за жалби укажува дека етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење, поради што говорот на омразата е неспоив со новинарската етика.

Комисијата констатира дека текстот е полн со тврдења непоткрепени со факти и аргументи, особено во почетокот и на крајот од текстот. Тврдењето дека некој поединец работи за туѓи интереси, доколку не се потпира на проверени информации, е клевета и ширење омраза. Згора на тоа, насловот „Агенти што земаат повеќе од што заслужуваат" сам по себе е силно тврдење што воопшто не кореспондира со содржината на текстот. Тоа воопшто не е прашање или дилема на која во текстот се дава одговор. Тоа тврдење со ништо не е потврдено во текстот, и затоа може да се оцени како клеветење.

## Жалба: Артан Груби за *Тетова сот*

### Контекст

Во порталот *Тетова сот* на 28 февруари 2015 година е објавен текст со наслов „Тапанарот има трема да не му пукне тапанот, бара експерт од Брисел" („Lodraxhiu" ka frikë mos i plase lodra, kërkon ekspert ngaBrukseli"). Во овој текст се изнесуваат конструкции кон Артан Груби, шеф на кабинетот на претседателот на ДУИ.

### Жалба

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на 6 март 2015 година од страна на Артан Груби е поднесена жалба, во која наведува дека текстот содржи навреда, лага, клевета, омраза и неетичко известување поради политички мотиви.

### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на Советот, веднаш по приемот на жалбата, ја препрати до интернет-порталот *Тетова сот* со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Во одговорот на редакцијата на Тетова сот се вели дека делумно се согласуваат со поднесените аргументи за неетичко информирање, тргнувајќи од идејата за воспоставување етички стандарди во медиумите. Истакнуваат и дека конкретниот текст е замислен во форма на козерија, кој како новинарски жанр овозможува поширока слобода на изразување, која не е толку стриктна како извештајот и нема цел да дискредитира, да навредува и да им противречи на етичките стандарди. Во продолжение на одговорот се истакнува дека се отворени за соработка и за разјаснување на ситуацијата, дека стојат на располагање за понатамошен процес на дијалог и посредување и дека ги прифаќаат предлозите од СЕММ.

### Одлука на комисијата и образложение

Артан Груби по добиениот одговор од редакцијата на *Тетова сот* укажа дека очекува повлекување на текстот на кој реагирал, како и објавување извинување до него на истото место каде што е објавен текстот.

На барањето на Груби, од *Тетова сот* одговорија дека текстот веќе е отстранет, но дека не гледаат потреба од извинување бидејќи станувало збор за козерија. По ова Комисијата повторно се обрати до Артан Груби со барање да се

произнесе дали е задоволен само со отстранување на текстот, со напомена дека доколку не се произнесе во периодот опфатен со деловничките рокови, постапката ќе биде запрена. Артан Груби не се произнесе.

Со оглед на тоа што беа поминати деловничките рокови, на седницата одржана на 6 јули 2015 година, Комисијата за жалби одлучи да го затвори случајот.

## НОВИНАРОТ ЌЕ ГИ ЧУВА УГЛЕДОТ И ДОСТОИНСТВОТО НА СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА (ЧЛЕН 16)

### Бранко Героски за *Канал 5*

**Контекст**
Телевизијата Канал 5 во вестите од 13 ноември 2014 година емитуваше студиско интервју на уредничката Лидија Богатинова со Ивица Боцевски. Поводот за интервјуто беа грчко-македонските односи и прашањето за името. Но во него беа посочени и личности од Македонија што се „надвор од актуелната политика" и кои наводно „манипулирале со интересите на Македонија".

**Жалба**
Новинарот Бранко Героски, кој е еден од споменатите во интервјуто на Лидија Богатинова со Ивица Боцевски, поднесе жалба до Советот за етика во медиумите. Во жалбата тој наведува дека искажаните реченици во интервјуто се навредливи и клеветнички квалификации и нанесуваат штета врз неговиот углед и чест. Станува збор за исказот на Богатинова: „До каде ќе оди ваквата свесна манипулација со интересите на Македонија кога и самиот Венизелос завчера изјави дека ќе нема никакви поместувања во преговорите за името до изборите? Дали излегува дека Героски е поголем Грк и од Венизелос?" На крајот на интервјуто, Богатинова зборува за „...оние мешетари што се обидуваат да ги нарушат позициите на Македонија во преговорите за името". Героски во жалбата додава: „Со оглед дека во интервјуто конкретно се споменуваат две лица, јас и господинот Љубомир Фрчкоски, очигледно е дека квалификацијата на г-ѓа Богатинова се однесува и на мене."

**Одговор на медиумот**
Извршната канцеларија на СЕММ упати допис со барање до уредничката на Канал 5, Лидија Богатинова, да се изјасни во врска со наводите од жалбата. Канал 5, односно Богатинова во својот одговор побара Комисијата да го праша Героски што напишал два дена пред интервјуто со Боцевски, односно дали знае што изјавил Венизелос три дена пред тоа. Таа во текстот додава: „Венизелос изјавата ја даде во понеделник на 10 ноември оваа година, а Героски на неговиот портал нашироко пишуваше следниот ден, во вторник на 11 ноември. Преговорите се одржаа на 12 ноември, а јас со Боцевски разговарав ден потоа". Таа посочи и Комисијата да побара од Героски да ги достави спомнатите линкови од текстовите.

## Одлука на Комисијата

Претставката е прифатена. Комисијата за жалби констатираше дека во споменатото интервју станува збор за нарушување на три члена од Кодексот на новинарите на Македонија: 10, 11 и 16.

## Образложение на Одлуката

Имајќи ги предвид и жалбата и одговорот, Комисијата за жалби констатираше дека станува збор за интервју што, меѓу другото, е искористено и за искажување нетолерантен однос и навредлив говор кон поединци што мислат поинаку (член 10). Комисијата посебно ја нагласи неприфатливоста на изречените навреди од страна на соговорникот во интервјуто. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, па затоа е должен да се огради од навредливиот јазик или од промовирањето јазик на омраза (член 11).

Исто така, ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми (член 16). Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

## Зоран Фиданоски за *Нетпрес*

### Контекст

Интернет-порталот *Нетпрес* на 16 март 2016 година објави текст со наслов „ФОТО: СДСМ сака закон за партиска цензура на медиумите". Станува збор за текст преземен од друг портал, во кој се зборува за активности на Зоран Фиданоски, новинар и член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), за кои авторот на текстот смета дека се неспоиви со неговата функција во ААВМУ. Притоа, за илустрација се користени и фотографии од личниот профил на Фиданоски на Фејсбук.

### Жалба

Новинарот и член на ААВМУ Зоран Фиданоски на 21 март 2016 година поднесе претставка до Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, за текстот со наслов „ФОТО: СДСМ сака закон за партиска цензура на медиумите", објавен од страна на порталот *Нетпрес*. Тој во својата жалба наведува дека текстот содржи инсинуации со кои директно се атакува неговата личност и се нарушуваат неговиот углед, чест и професионален интегритет, а како илустрација се користени и слики од личниот фејсбук-профил, на кои има и членови од неговото семејство, кои со тоа се изложени на атака врз нивниот интегритет.

Фиданоски својата жалба ја насочува на дел од текстот во кој се вели „Така, новинарот Зоран Фидановски, кој важи за близок до СДСМ, сè уште на терен ѝ пружа максимална поддршка на опозициската партија. Тој беше дел од протестите поддржани директно од Зоран Заев". „Фиданоски беше избран за член на Советот на Агенцијата, во јули 2014 година. Има мандат од 7 години. Сепак, очигледно е дека или не го прочитал етичкиот кодекс или свесно решил истиот да го прекршува. Овој новинар јавно дава поддршка на СДСМ иако тоа е забрането во описот на неговото работно место – пишува Курир". Во жалбата Фиданоски наведува дека текстот содржи инсинуации со кои директно се атакува неговата личност и се нарушуваат неговиот углед, чест и професионален интегритет, а како илустрација се користени и слики од личниот фејсбук-профил, на кои има и членови од неговото семејство, кои со тоа се изложени на атака врз нивниот интегритет. Како неточни информации што се презентираат во текстот Фиданоски ги наведува следните наводи „иако е тоа забрането во описот на неговото место" и „или не го прочитал етичкиот кодекс или свесно решил истиот да го прекршува". Фиданоски вели дека на протестот бил при-

сутен како граѓанин, користејќи го своето уставно право јавно да протестира со нешто со што не се согласува, а во конкретниот случај, со веќе донесената одлука од мнозинството на Уставниот суд со која претседателот на државата ќе може да аболира изборни криминалци, педофили и наркодилери.

### Одговор на медиумот

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот *Нетпрес*, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Во одговорот на главниот и одговорен уредник Дејан Николовски се вели дека текстот не е авторски на Нетпрес, туку е преземен од порталот *Курир*, што е и наведено. Николовски наведува дека Фиданоски, како член на Советот на ААВМУ, морал да има предвид дека никако не смеел да си дозволи учество на партиски митинг и протест, бидејќи, како што вели, „со таков чекор директно се дискредитира самиот како личност, ја дискредитира својата работа и институцијата во која работи, поточно ја партизира". Во продолжение на одговорот, главниот и одговорен уредник вели дека учеството на Фиданоски на протест на опозицијата ја доведува директно во прашање професионалноста при извршувањето на неговата работа како член на Советот на ААВМУ, поради што *Нетпрес* одлучил да го преземе и да го објави споменатиот текст.

### Одлука на Комисијата

Претставката е прифатена. Комисијата утврди дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 16.

### Образложение на Одлуката

Комисијата за жалби оцени дека прекршувањето на членот 1 од Кодексот на новинарите е поизразено во конкретниот случај, бидејќи *самиот Нетпрес* направил уредничка процена да се објави текстот. Со оглед на тоа што станува збор за преземен текст, Комисијата смета дека порталот *Нетпрес*, пред да го објави спорниот текст, требало да ги провери фактите и да ја консултира втората страна.

Комисијата, исто така, констатираше дека е прекршен членот 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. На пример со ставот дека „Фидановски беше избран за член на Советот на Агенцијата, во јули 2014

година. Има мандат од 7 години. Сепак, очигледно е дека или не го прочитал етичкиот кодекс или свесно решил истиот да го прекршува. Овој новинар јавно дава поддршка за СДСМ, иако тоа е забрането во описот на неговото работно место…“

Понатаму, Комисијата за жалби утврди дека е прекршен и членот 16, според кој новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

# КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

## ПРИНЦИПИ НА ОДНЕСУВАЊЕ:

Слободата на медиумите е неприкосновено право. Основна задача на новинарите е да ја почитуваат вистината и правото на јавноста да биде информирана во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија. Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни. Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите. Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

## ВРЗ ОСНОВА НА ОВИЕ ПРИНЦИПИ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ:

1. Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

2. Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација има право за тоа да ја информира јавноста.

3. Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

4. Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

5. Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

6. Новинарот не смее да го користи медиумот за објавување или прикривање информации за стекнување лична корист. Митото, корупцијата и изнудувањето се неспојливи со новинарската професија. Не смее да се дозволи рекламирањето и другите комерцијални мотиви да влијаат врз слободата на информирањето. Треба да постои разграничување меѓу рекламирањето и новинарскиот текст со илустрацијата.

7. Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ги почитува личната болка и жалост.

8. Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите инволвирани страни во спорот и да не се сугерира пресуда.

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

10. Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).

11. Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

12. Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

13. Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

14. Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

15. Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспојливо со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста.

16. Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

17. Новинарот има право да одбие работна задача до колку е во спротивност со принципите на овој Кодекс.

## Преглед на поднесените поплаки до Комисијата за жалби

| Подносител на жалбата и име на медиумот против кој е поднесена жалбата | Основа на жалбата | Одлука на Комисијата за жалби | Датум на донесување на одлуката |
|---|---|---|---|
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ и Женска алијанса против Вечер, puls24.mk, kurir.mk и infomax.mk | Говор на омраза, неточно и нефер-известување | Се отфрла, задоцнета | 20.3.2017 |
| Приватно средно училиште "Јахја Кемал" против aa.com.tr | Клевета | Се отфрла, надвор од надлежностите | 14.3.2017 |
| Приватно средно училиште "Јахја Кемал" против aa.com.tr | Клевета | Се отфрла, надвор од надлежностите | 14.3.2017 |
| Енвер Гаши против telegrafi.com | Ненаведување извор, прекршени авторски права | Се отфрла, надвор од надлежностите | 14.3.2017 |
| Слаѓана Тасева Петровска против Вечер | Клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 10.3.2017 |
| Слаѓана Тасева Петровска против kurir.mk | Клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 10.3.2017 |
| Слаѓана Тасева Петровска против телевизија Сител | Клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 10.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против телевизија Сител | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 10.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против телевизија Канал 5 | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1. | 9.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против телевизија Алфа | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 9.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против телевизија Нова | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 10.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против vecer.mk | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 9.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против start.mk | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 9.3.2017 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против kurir.mk | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 9.3.2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Транспаренси интернешнел Македонија против republika.mk | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 9.3.2017 |
| Сашка Цветковска против Вест | Дискриминација, нерамноправност на половите и непочитување на личната приватност | Жалбата е основана, чл. 7,8 и 11. | 9.3.2017 |
| Илина Арсова против ohrid1.com | Навреда, говор на омраза, незастапена втора страна | Жалбата е неоснована | 9.3.2017 |
| Максим Димитриевски против zurnal.net | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14. | 9.2.2017 |
| Ангела Илиевска против plus24.mk | Неточно и нефер-известување, говор на омраза, дискриминација, авторски права, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда, клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 7, 10, 13 и 15. | 9.2.2017 |
| Народен правобранител на Република Македонија против телевизија Телма | Дискриминација, навреда | Жалбата е повлечена поради извинување на медиумот | |
| Приватно средно училиште "Јахја Кемал" против aa.com.tr | Говор на омраза, клевета | Жалбата е неоснована | 24.1.2017 |
| Марк Бранов против Нова Македонија | Неточно известување | Жалбата е основана, чл. 1 | 24.1.2017 |
| Јане Димески против телевизија Нова | Неточно и нефер-известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 24.1.2017 |
| Јане Димески против republika.mk | Неточно и нефер-известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 24.1.2017 |
| Народна Банка на Република Македонија против maktel.mk | Неточен наслов | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14. | 16.1.2017 |
| Марјан Чабуковски против infomax.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 | 16.1.2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јане Димески против телевизија Нова | Неточно и нефер-известување, говор на омраза, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 16. | 16.1.2017 |
| Јане Димески против телевизија Нова | Неточно и нефер-известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 и 16. | 16.1.2017 |
| Митко Андревски против Вечер | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна, клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 3 и 13 | 9.1.2017 |
| Јане Димески против centarnews.net | Неточно и нефер-известување и незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14. | 23.12.2016 |
| Јане Димески против netpress.com.mk | Неточно и нефер-известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14. | 23.12.2016 |
| Вања Мицевска против телевизија Нова | Нарушување на приватноста, навреда | Жалбата е неоснована | 20.12.2016 |
| Мила Царовска против телевизија Сител | Неточно и нефер-известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 8 и 13. | 20.12.2016 |
| Полициски службеници во Министерство за внатрешни работи на Република Македонија против press24.mk и infomax.mk | Неточно и нефер-известување, нарушување на приватноста, угледот и достоинстелевизијаото | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 7, 13 и 14. | 20.12.2016 |
| Приватно средно учикиште "Јахија Кемал" против fryma.org | Говор на омраза, дискриминација | Се отфрла, надвор од надлежностите | 12.12.2016 |
| Аријанит Џафери против zhurnal.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 10 и 13. | 21.11.2016 |
| Џелал Незири против gostivari24.com | Клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 4. | 21.11.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вања Мицевска против reporter.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 7, 8 и 12. | 21.11.2016 |
| Марина Јаневска против dokaz.mk | Недолично изразување | Жалбата е основана, член 15. | 26.10.2016 |
| Герман Филков и Сабина Факиќ против телевизија Алфа | Неточно и нефер-известување, говор на омраза, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда, клевета | Постапката се запира поради поминати деловнички рокови | 26.10.2016 |
| Димитар Богов против телевизија 24 Вести | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 | 13.9.2016 |
| Ивана Димитровска против Утрински весник | Незаштитена малолетна публика, нарушување на приватноста, незаштитување на деца и малолетна публика | Жалбата е основана, чл. 7,8 и 9. | 1.9.2016 |
| Џевдет Пожари против zhurnal.mk | Клевети од неточно известување, нарушување на приватноста, нарушени чест и углед | Жалбата е основана, чл. 1, 3 и 7. | 1.9.2016 |
| Ким Мехмети против zhurnal.mk | Клевети од неточно известување, нарушување на приватноста, нарушени чест и углед | Жалбата е основана, чл. 1,3 и 7. | 1.9.2016 |
| Jugoinfo.mk против strumicadenes.mk | Неточно и нефер-известување, нарушени авторски права | Помирување на страните со медијација | 13.9.2016 |
| Државна комисија за спречување на корупција против zhurnal.mk | Неточност, меѓуетничка омраза и дискредитација | Жалбата е основана, чл. 1, 10, 11 и 13. | 1.9.2016 |
| Ѓорѓи Угриновски против Фокус | Неточно и нефер-известување, нарушување на приватноста, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1. | 1.9.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тодор Трпчевски против motika.com.mk | Говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер-известување, пристрасност во информирањето, нерамноправност на половите, навреда | Жалбата се отфрла | 1.9.2016 |
| Ариф Адеми против vicoteka.mk | Говор на омраза, дискриминација | Отфрлена, надвор од надлежностите | 4.8.2016 |
| Васко Маглешов против telegraf.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 16. | 18.7.2016 |
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ против puls24.mk | Говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, навреда, неточно и нефер-известување и дискриминација | Жалбата е основана, чл. 10, 11, 13 и 14. | 18.7.2016 |
| Телевизија 21 против telegraf.mk | Дискриминација | Жалбата е основана, чл. 16. | 18.7.2016 |
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ против infomax.mk | Говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, навреда, неточно и нефер-известување и дискриминација | Жалбата е основана, чл. 10, 11, 13 и 14. | 8.7.2016 |
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ против zurnal.net | Говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, навреда, неточно и нефер-известување, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 10, 11, 13 и 14. | 8.7.2016 |
| Саша Богдановиќ против infomax.mk | Навреда, клевета, неточно и непрофесионално известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 8.7.2016 |
| Саша Богдановиќ против zurnal.net | Навреда, клевета, неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 8.7.2016 |
| Саша Богдановиќ против puls24.mk | Навреда и клевета, неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13. | 8.7.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Елида Зулбеари против zhurnal.mk | Говор на омраза, нарушување на приватноста, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 13, 15 и 16. | 8.7.2016 |
| Народна банка на Република Македонија против plusinfo.mk | Непрофесионално и неетичко известување | Жалбата се отфрла поради задоцнетост | 6.6.2016 |
| Народна банка на Република Македонија против Алсат - М | Непрофесионални и неетичко информирање | Жалбата се отфрла поради задоцнетост | 6.6.2016 |
| Левичарско движење "Солидарност" против Дневник | Неточно и нефер-известување, говор на омраза, дискриминација, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 7, 10, 11, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Огнен Узуновски против infomax.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 7, 10 и 13. | 6.6.2016 |
| Душица Мрѓа против zhurnal.net | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7, 1, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Душица Мрѓа против puls24.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7, 1, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Душица Мрѓа против netpress.com.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7, 1, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Душица Мрѓа против телевизија Сител | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7,1, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Душица Мрѓа против kurir.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7,1, 13 и 16. | 6.6.2016 |
| Центар за економски анализи против Фокус | Авторски права | Жалбата е неоснована | 6.6.2016 |
| Транспаренси интернешнел против zhurnal.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13 | 6.6.2016 |
| Ана Симова против babinlek.com | Неточно и нефер-известување | Отфрлена, надвор од надлежностите | 10.5.2016 |
| ЛГБТИ Центар за поддршка, Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" против puls24.mk | Дискриминација и говор на омраза | Жалбата е основана, чл. 1, 10, 13 и 14 | 11.5.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Никола Јовановски против телевизија Сител | Прекршок на Кодекс и Закон за АВМУ | Отфрлена, поради недоставување целосни информации | 24.4.2016 |
| Братољуб Шурлановиќ против телевизија Сител 2 | Неточно и нефер-известување | Отфрлена, поради недоставување целосни информации | 24.4.2016 |
| Елена Арсева против телевизија Сител | Прекршок на Закон за АВМУ | Отфрлена, задоцнета жалба | 4.4.2016 |
| Братољуб Шурлановиќ против телевизија Сител | Прекршок на Кодекс и Закон за АВМУ | Отфрлена, поради недоставување целосни информации | 24.4.2016 |
| Работна група "Солидарност за мобилност" против телевизија Сител | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13 | 11.4.2016 |
| Работна група "Солидарност за мобилност" против kurir.mk | Говор на омраза | Жалбата е основана, чл. 1 и 13 | 11.4.2016 |
| Работна група "Солидарност за мобилност" против press24.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13 | 11.4.2016 |
| Работна група "Солидарност за мобилност" против netpress.com.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 13 | 11.4.2016 |
| Зоран Фиданоски против kurir.mk, denesen.mk, netpress.com.mk и телевизија Сител | Неточно и нефер-известување, нарушување углед и чест | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 16 | 11.4.2016 |
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" против телевизија Канал 5 | Говор на омраза, дискриминација | Отфрлена, задоцнета жалба | 21.3.2016 |
| Фросина Пандурска Драмаќанин против think.mk | Неточно и нефер-известување, неконтактирана втора страна | Отфрлена, надвор од надлежност | 23.2.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против kurir.mk 4 | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1,13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против zhurnal.net | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против kurir.mk 3 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14 | 8.3.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| МОСТ и Дарко Алексов против puls24.mk 3 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1,13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против republika.mk 2 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против netpress.com.mk 2 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против denesen.mk | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против телевизија Сител 3 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против Вечер 3 | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против netpress.com.mk | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против puls24.mk 2 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против Вечер 2 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против kurir.mk 2 | Неточно и нефер-известување, клевета, нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против puls24.mk | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против republika.mk | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против телевизија Сител 2 | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| МОСТ и Дарко Алексов против kurir.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против Вечер | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против телевизија Алфа | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 14 | 8.3.2016 |
| МОСТ и Дарко Алексов против телевизија Сител | Неточно и нефер-известување, клевета | Жалбата е основана, чл. 1 и 14 | 8.3.2016 |
| Г.г. Стефан Велјановски против libertas.mk | Неточно и нефер-известување, немање втора страна, мешање на факти и мислења | Жалбата е основана, чл. 1, 4 и 11 | 8.3.2016 |
| Г.г. Стефан Велјановски против plusinfo.mk | Неточно и нефер-известување, немање втора страна, мешање на факти и мислења | Страните се помирија со медијација | 8.3.2016 |
| Артан Груби против lajmpress.com | Навреда, клевета, лага, омраза, неетичко известување | Отфрлена, задоцнета жалба | 10.2.2016 |
| Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", Здружение ХОПС – Опции за здрав живот и Здружение СТАР СТАР против телевизија Канал 5 | Незастапена втора страна, незаштитување лични податоци | Жалбата е основана, чл. 7, 10, 11 и 13 | 11.3.2016 |
| Марјан Николовски против maktel.mk | Говор на омраза | Жалбата е основана, 7, 10, 11, 15 и 16 | 17.2.2016 |
| ЛГБТИ Центар за поддршка, Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија и Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" против puls24mk | Дискриминација, повик на омраза, невистинито информирање, клевета | Жалбата е основана, чл. 1, 10, 11 и 13 | 17.2.2016 |
| Јане Димески против Дневник | Неточно и нефер-известување, незастапена втора страна | Жалбата е основана, чл. 1 | 17.2.2016 |
| Вангел Андрески против kurir.mk 2 | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 25.1.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вангел Андрески против kurir.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |
| Вангел Андрески против vistina.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Вангел Андрески против rsm.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Вангел Андрески против netpress.com.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Вангел Андрески против denesen.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |
| Вангел Андрески против infomax.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против infomax.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Саша Богдановиќ против kurir.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против kurir.mk 2 | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против.press24.mk 2 | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против.press24.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против republika.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против evesti.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против fox.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4 и 13 | 21.1.2016 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Саша Богдановиќ против denesen.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10 и 13 | 21.1.2016 |
| Саша Богдановиќ против vistina.mk | Неточно известување, клевета, објава на лични податоци, неконтактирана втора страна, дискриминација | Жалбата е неоснована | 21.1.2016 |
| Јавна здравствена установа Здравствен дом Велес против plusinfo.mk | Неточно и нефер-известување, дезинформација, ширење лаги, нарушување углед | Основана, чл. 1, 3 и 4 | 21.1.2016 |
| Ангела Илиевска против netpress.com.mk, press24.mk, kurir.mk и vistina.mk | Дискриминација | Основана, чл. 1, 7, 10 и 13 | 30.12.2015 |
| Драган Цветковски против Вечер | Неточно известување | Жалбата е неоснована | 14.12.2015 |
| Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија против puls24.mk | Дискриминација | Жалбата е основана, чл. 9, 10, 11, 13 и 15 | 3.9.2015 |
| Филип Стојановски против almakos.mk | Неточно и нефер-известување, нарушување углед | Жалбата е основана, чл. 1 | 3.9.2015 |
| Елида Зулбеари против.zhurnal.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 10, 11, 13 и 16 | 3.9.2015 |
| Сашка Цветковска против republika.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7 и 8 | 21.7.2015 |
| Даниел Калајџиески против plusinfo.mk | Нарушување на приватноста | Жалбата е основана, чл. 7 и 8 | 21.7.2015 |
| Јане Димески против puls24.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 15 | 21.7.2015 |
| Јане Димески против kurir.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 10, 13 и 15 | 21.7.2015 |
| Владимир Сарафов против ohridsky.com | Неточно известување, нарушување на углед, чест и достоинстелевизијао, загрозување на безбедноста | Основана, чл. 1 и 13 | 21.7.2015 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Владимир Сарафов против dokaz.mk | Неточно известување, нарушување на углед, чест и достоинстелевизијао, загрозување на безбедноста | Жалбата е основана, чл. 1 | 21.7.2015 |
| Транспаренси интернешнел Македонија против Дневник | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 3 и 13 | 8.7.2015 |
| Гордана Силјановска - Давкова и Билјана Ванковска против телевизија Алсат М | Неточно и нефер-известување | Страните се помирија со медијација | 29.4.2015 |
| Мери Јордановска против netpress.com.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 13 и 16 | 22.4.2015 |
| Мери Јордановска против телевизија Алфа | Неточно и нефер-известување, не е контактирана втората страна | Жалбата е основана, чл. 1, 15 и 16 | 22.4.2015 |
| Мери Јордановски против телевизија Сител | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1 и 16 | 22.4.2015 |
| Кабинет на претседателот на Република Македонија против Вест | Неточно и нефер-известување | Жалбата е неоснована | 21.4.2015 |
| Јане Димески против dokaz.mk | Говор на омраза | Помирување на страните со медијација | 29.4.2015 |
| Јане Димески против press24.mk | Говор на омраза | Основана, чл. 10, 11 и 15 | 22.4.2015 |
| Јане Димески против centarnews.net | Говор на омраза | Основана, чл. 10 и 4 | 22.4.2015 |
| Лидија Богатинова против maktel.mk и narodenglas.com | Навреда | Основана, чл. 10, 15 и 16 | 8.4.2015 |
| Бојан Станишиќ против Вечер | Говор на омраза | Основана, чл. 1, 10 и 13 | 8.4.2015 |
| Коалиција "Сексуални здравствени права на маргинализирани заедници" против телевизија Сител 3 | Говор на омраза | Основана, чл. 10, 11 и 15 | 11.6.2015 |
| Артан Груби против almakos.com и lajmpress.com | Навреда, лага, клевета, омраза, неетичко известување | Страните се помирија со медијација | 23.3.2015 |
| Артан Груби против tetovasot.com | Навреда, лага, клевета, омраза, неетичко известување | Постапката се зателевизијаора поради поминати деловнички рокови | 8.7.2015 |
| Артан Груби против емисијата „Миленко Неделковски шоу" | Навреда, лага, клевета, омраза, неетичко известување | Постапката се зателевизијаора поради поминати деловнички рокови | 8.7.2015 |
| ОБСЕ против телевизија Сител | Говор на омраза | Жалбата е основана, чл. 10 и 11 | 23.3.2015 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кети Гетева против maktel.mk | Говор на омраза | Жалителот ја повлече жалбата | 23.3.2015 |
| Васко Маглешов против centarnews.net | Нарушување на приватноста | Надвор од надлежност - се однесува на ФБ | 2.4.2015 |
| Јане Димески против kurir.mk | Говор на омраза | Основана, чл. 10, 13 и 15 | 10.3.2015 |
| Владимир Вангелов против kurir.mk и puls24.mk | Дискриминација | Основана, чл. 1, 10 и 13 | 23.2.2015 |
| Владимир Вангелов против republika.mk, kurir.mk и netpress.com.mk | Неточно и нефер-известување | Жалбата се отфрлува поради задоцнетост | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против lokalno.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против okno.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против libertas.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против Brif.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против plusinfo.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против a1on.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Марјан Николовски против novatv.mk | Говор на омраза, дискриминација | Жалбата е неоснована | 30.1.2015 |
| Здружение на албански интелектуалци против kumanovskimuabeti.mk | Дискриминација | Постапката се зателевизијаора поради поминати деловнички рокови | 30.3.2015 |
| Народен правобранител на Република Македонија против republika.mk, press24.mk, kurir.mk, puls24.mk | Дискриминација | Жалбата е основана, чл. 7, 9 и 10 | 30.1.2015 |
| Радмила Шекеринска против kurir.mk и други медиуми | Неточно и нефер-известување | Жалбата е основана, чл. 1, 4, 10, 13 и 15 | 18.12.2014 |
| Борјан Јовановски против телевизија Канал 5 | Неточно информирање, нарушување професионален интегритет | Жалбата е основана, чл. 10, 13 и 16 | 18.12.2014 |
| Бранко Героски против телевизија Канал 5 | Навреда, клевета, нарушување на углед | Жалбата е основана, чл. 10, 11 и 16 | 18.12.2014 |
| Борјан Јовановски против republika.mk | | Одлуката е иста како кај жалбата Лидија Димова против republika.mk | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Лидија Димова против republika.mk | Неточно известување, нарушување репутација, загрозување на безбедноста | Основана, чл. 1, 10 и 13 | 1.12.2014 |
| Ксенофон Угриновски против Слободен печат | Неточно известување, не е контактирана втората страна | Основана, чл. 1 | 1.12.2014 |
| Иван С. Мирчевски против proverkanafakti.mk | Клевета | Мислење - надвор од надлежностите на СЕММ, се однесува на блог | 29.10.2014 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:[316.77:174.4(497.7)

ТАХИРИ, Сефер
Известување во интерес на јавноста : заштита на етничките принципи на известувањето низ работата на Комисијата за жалби и поплаки / [Сефер Тахири и Мирче Адамчевски]. - Скопје : Совет за етика во медиумите на Македонија, 2017. - 90 стр. : илустр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65978-3-2
1. Адамчевски, Мирче [автор]
а) Човекови права и слободи - Новинарско известување - Етички аспекти - Македонија б) Етика во новинарството - Македонија в) Етика - Медиуми
COBISS.MK-ID 103386890